# **Улогата на Граѓанското Општество** во Спречување и Спротивставување на Насилен Екстремизам и Радикализацијакои Водат кон Тероризам:

Водич за Југоисточна Европа



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа

Објавено од страна на Организацијата за безбедност и соработка во Европа,
Виена, август 2018 година
©ОБСЕ 2018 година
Дизајнирано и испечатено од страна на red hot ,n‘ cool
Illustrations: © whitehoune/123rf; macrovector/123rf

Сите права се задржани. Без претходна пишана согласност од издавачите ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, да се зачува во пребарувачки систем или да се пренесува во каква било форма или на каков било начин - електронски, механички, преку фотокопирање, снимање или на друг начин. **Ова ограничување не важи** за правење на дигитални или хард копии од оваа публикација за внатрешна употреба во рамките на ОБСЕ, како и за лична или образовна употреба кога се работи за непрофитни и некомерцијални цели, но под услов копиите да бидат проследени со потврда дека изворот е ОБСЕ.

ISBN 978-3-903128-37-8
Transnational Threats Department OSCE Secretariat
Wallnerstrasse 6, A-1010 Vienna, Austria www.osce.org/atu

Објавувањето на овој Прирачник е овозможено благодарение на дарежливиот придонес даден од страна на австриската влада, Федералното министерство на Европа за интеграции и надворешни работи. Содржината на оваа публикација, вклучувајќи ги погледите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците што се искажани во неа, не ги одразуваат тие на донаторот. Не се работи за документ што се заснова на консензус.

Секретаријатот на ОБСЕ не презема каква било одговорност за точноста или комплетираноста на информациите, за насоките или за обезбедените совети, или за можните печатни грешки. Секретаријатот на ОБСЕ не може да се смета за одговорен за каква било загуба или штета што произлегува од користењето на информациите.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа

Federal Ministry
Republic of Austria
Europe, Integration
and Foreign Affairs

# **Улогата на Граѓанското Општество**
# во Спречување и Спротивставување на Насилен Екстремизам и Радикализација кои Водат кон Тероризам: Водич за Југоисточна Европа



# Содржина


ПРИЗНАНИЈА 4

АКРОНИМИ И СКРАТЕНИЦИ 5

ПОИМНИК 5

ПРЕДГОВОР 8

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 10

**1. ВОВЕД 13**

**2. КЛУЧНИ КОНЦЕПТИ 17**

2.1. Што претставува граѓанското општество? 17

2.2. Разбирање на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ) 18

2.3. Програми и стратегии за спречување и спротивставување на НЕРВТ 20

**3. УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО СПРЕЧУВАЊЕ И СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА НЕРВТ 25**

3.1. Додадената вредност на граѓанското општество 25

3.2. Клучни актери на граѓанското општество на полето на спречување и спротивставување на НЕРВТ 27

3.3. Други важни фактори на полето на С/СНЕРВТ 32

**4. КОНТЕКСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 41**

**5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАТЕЛНА И ЕФИКАСНА УЛОГА ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО НА ПОЛЕТО НА С/СНЕРВТ: НАСОКИ И ДОБРИ ПРАКТИКИ 47**

5.1. Клучни предизвици 48

5.2. Насоки и добри практики 50

**6. ЗАКЛУЧОК 67**

СПИСОК НА ОДБРАНИ ПУБЛИКАЦИИ НА ОБСЕ 68

БИБЛИОГРАФИЈА 70

# Признанија

Овој Прирачник го подготви Одделот за транснационални закани на ОБСЕ (ОТЗ), односно единицата за акција против тероризам (ЕАТ), под водство на Џорџија Холмер, виш советник за прашања од областа на контратероризмот.

Единицата за акција против тероризам би сакала да се заблагодари на Адријан Штуни (Штуни консалтинг, ДОО, Соединети Американски Држави) за неговите придонеси дадени во правец на развивање и пишување на овој Прирачник. Исто така драгоцена поддршка беше пружена и од страна на раководителот на ЕАТ, Арго Аваков, како и од страна на персоналот на Единицата за акција против тероризам, меѓу кои, Камила Богно, Јури Фенопетов, Агнешка Хејдук, Орлајт Кинг и Катерина Кочи.

Единицата за акција против тероризам, исто така, изрази благодарност за соработката и повратните информации што работниот кадар на ОБСЕ ги обезбеди преку своето присуство во Албанија, Мисијата во Босна и Херцеговина, Мисијата во Косово, Мисијата во Црна Гора, Мисијата во Србија и Мисијата во Скопје. Исто така ЕАТ им се заблагодарува и на другите ентитети на ОБСЕ и институциите што имаат дадено особено важен инпут за потребите на овој Прирачник.

ЕАТ искажува благодарност за стручниот преглед и препораките дадени од долунаведените лица, како преку процесот на рецензија, така и во рамките на состанокот на експертската работна група што го поддржа овој проект:

**Вацеслав Балан**
Мисија на ОБСЕ во Србија

**Елвира Хаџибеговиќ Бубанја**
Форум МНЕ

**Сејаф Хаџиќ**
Советодавна група за млади на ОБСЕ

**Енри Хајд**
Европски универзитет во Тирана

**Најим Хоџа**
Мисија на ОБСЕ во Косово

**Хумера Кан**
Мафлехан

**Ерик Мантон**
претходно во Мисијата на ОБСЕ во Скопје

**Афродита Муслију**
НЕКСУС – Граѓански концепт

**Ерик Росанд**
Проект за превенција: Организирање против насилен екстремизам

**Едит Шлафер**
Жени без граници

**Серкан Серин**
Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Селма Зековиќ**
Мисија на ОБСЕ во Босна и Херцеговина

**Сузана Налтакјан**
Присуство на ОБСЕ во Албанија

**Лулзим Пеци**
Косовски институт за политички истражувања и развој

**Валери Пери**
Мисија на ОБСЕ во Србија

# Акроними и скратеници

| | |
|---|---|
| **ЕАТ** | Единица за акција против тероризам |
| **БИХ** | Босна и Херцеговина |
| **ОГО** | Организација за граѓанско општество |
| **СНЕ** | Спротивставување на насилен екстремизам |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **МЦБТ** | Меѓународен центар за борба против тероризам |
| **ММАГО** | Меѓународна мрежа за акција за граѓанско општество |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ОДИХР** | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **С/СНЕРВТ** | Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам |
| **СНЕ** | Спречување на насилен екстремизам |
| **RUSI** | Кралски институт за безбедност на Велика Британија |
| **ОТЗ** | Оддел за транснационални закани |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **ООН Жени** | Ентитет на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените |
| **УНЕСКО** | Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации |
| **НЕРВТ** | Насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам |

# Поимник

Овој поимник има за цел да ги објасни клучните термини што се користат во овој Прирачник. Дефинициите се наменети само за овој Прирачник и истите не претставуваат официјални дефиниции на ОБСЕ.

**Заедница** – претставуваат жени, мажи, социјални групи и институции што се засновани во една иста област и/или имаат заеднички интереси.

**Граѓанско општество** – е тело составено од различни граѓански актери, заедници и формални или неформални здруженија со широк спектар на улоги, кои се вклучени во јавниот живот и сакаат да ги унапредат заедничките вредности и цели.

**Актери на граѓанското општество** – се клучни претставници на заедницата, вклучувајќи жени, млади, лидери на заедницата и верски лидери, кои се добро

поставени за да можат да обезбедат влијателни и долготрајни придонеси за благосостојбата на едно општество.

**Полициско работење во заедницата** – е филозофија и организациска стратегија со која се промовираат партнерствата помеѓу полициските сили и јавноста за да се зајакне ефективната и ефикасна идентификација, превенција и решавање на проблемите од сферата на криминалот, а, исто така, и да се адресираат проблемите што се однесуваат на физичката сигурност и безбедност, општествениот неред и криминал на ниво на локалната заедница, во насока на подобрување на квалитетот на животот на сите.

**Спротивставување на насилен екстремизам** – се проактивни активности за спротивставување на напорите на насилните екстремисти да радикализираат, регрутираат и мобилизираат следбеници за да ги вклучат во насилни акти, како и активности за справување со специфични фактори кои олеснуваат и овозможуваат регрутирање и радикализирање на насилни екстремисти кон насилство.

**Контратероризам** – претставува збир на политики, закони и стратегии креирани од страна на државни актери и спроведувани првенствено од страна на органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките агенции, а понекогаш и војската, со цел спречување на терористички заговори и растурање на терористички организации.

**Поранешни насилни екстремисти или „поранешни припадници“** – се лица кои се оттргнале од патот кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а истите можат да имаат корисна улога со тоа што би можеле да ја подигнат свеста и да пренесат веродостојни контранаративи.

**Родова перспектива** - претставува свест за различни потреби, искуства и статус на жени и мажи, односно нивно разгледување врз основа на социокултурен контекст.

**Програми за интервенции** – се програми насочени кон лица што се „изложени на ризик“, а со истите се настојува да се интервенира во патеката на лицето додека тоа се движи кон терористичка радикализација и не ја преминало линијата на криминална активност. Видот на програми што спаѓаат во рамките на оваа категорија понекогаш се нарекуваат како „исклучни (off ramps)“ или „излезни програми“. Програмите се доброволни и вклучуваат механизми за упатување, психосоцијална поддршка, менторство, теолошка/доктринарна дебата, образование и обука/поддршка во поглед на вработување, итн.

**Програми за превенција** - се програми со кои се настојува да се намали привлечноста на насилниот екстремизам и да се изгради отпорност кон неговото влијание и ширење. Видовите програми кои спаѓаат во оваа категорија се: подигање на свеста за заканите од насилниот екстремизам во училиштата,

кампањи за информирање на јавноста и дебати во заедницата, дијалози во рамките на една верска организација и повеќе различни верски организации, градење на капацитети за наставници и лидери на заедници во насока на идентификување и поддржување на лица подложни на радикализација, медиумски пораки и контра/алтернативни наративни кампањи, како и јакнење на довербата на заедницата кон органите задолжени за спроведување на законот, итн.

**Радикализација која води кон тероризам** – всушност е динамичен процес во кој едно лице на крајот го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и како легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување.

**Програми за рехабилитација** – се програми со кои се таргетираат лица кои се радикализирани кон насилство во различни стадиуми на радикализација, а истото може да важи и за нивните семејства. Видовите програми како што вклучуваат затворска дерадикализација/повлекување (од таквата активност), така вклучуваат и посткриминални програми за згрижување што се фокусираат на рехабилитација и реинтеграција на сторителите на терористички активности, како и на враќање на странски борци и нивна повторна интеграција во општеството. Некои програми овозможуваат образовна и стручна обука, советување, можности за вработување и идеолошко превоспитување итн.

**Отпорност** – претставува способност да се издржи, да се одговори на широк спектар на штетни и несакани настани, како и способност за закрепнување од такви настани.

**Сеопфатен пристап на целото општество** – е пристап кој тежнее во насока на спречување и спротивставување на насилен екстремизам. Таквиот пристап го поддржуваат креаторите на политики и практичарите, а со истиот се предвидува повеќе сектори и актери на граѓанското општество да имаат улога во програмите за спречување и интервенирање, како и во рехабилитациските програми за дерадикализација/повлекување.

# Предговор

Во денешниот свет насилниот екстремизам и тероризам претставуваат комплексни, повеќестрани предизвици, кои не се ограничени само во рамки на границите. Терористичките групи и насилните екстремистички движења сѐ помалку се кохезивни што придонесува заканата да може потешко да се разбере и да се предвиди. Освен на директни напади што се извршуваат на подрачјето на ОБСЕ, исто така, сведоци сме и на самоинспирирани акти на насилство. Некои терористички актери се странски борци, а други, пак, никогаш претходно не ги напуштиле своите заедници. Целите, мотивите и оправдувањето за насилство се различни, како што се различни и самите идеи на кои тие се потпираат.

Ваквата реалност бара сеопфатен, нијансиран и меѓународно координиран одговор. Земјите учеснички во ОБСЕ се едногласни во нивната осуда на тероризмот и насилниот екстремизам, како и во давањето на нивна поддршка за повеќедимензионален пристап што се фокусира на спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ).

Заложбите на ОБСЕ за спречување на НЕРВТ се отсликуваат во зајакнатата свест и разбирањето дека ефикасните напори за борба против тероризмот се витални, но без нагласената превенција истите стануваат недоволни. Разбирањето на причините поради кои одредени поединци се подготвени да си ги дадат сопствените животи на насилно екстремистичко движење или кауза и активностите што се прават за адресирање и ублажување на проблемите и незадоволствата што ги притискаат лицата да фатат таков екстремистички курс претставуваат важна инвестиција од нашето време и ресурси. Иако на подрачјето на ОБСЕ постои зголемена свест кај креаторите на политики за важноста на спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ), сѐ уште не постои доволно дијалог, ангажман и соработка со граѓанското општество и други невладини актери за концептуализирање, развивање и имплементирање на ефективни активности и политики насочени кон С/СНЕРВТ.

Успешните иницијативи за С/СНЕРВТ се вкоренети во сеопфатен општествен пристап, во кој се користат влијанието и напорите на граѓанското општество, особено на семејствата, жените, младите, едукаторите и верските лидери и тие на заедницата. Овој Прирачник ја одразува заложбата на ОБСЕ за поддржување на важната улога што граѓанското општество ја има во областа на спречување на НЕРВТ, како и нашето разбирање за сложеноста, чувствителноста и предизвиците на оваа улога. Тој обезбедува практични насоки и претставува корисна основа за креаторите на политики и практичарите кои работат

на унапредување на иницијативите предводени од страна на граѓанското општество на полето на С/СНЕРВТ.

Единицата за акција против тероризам (ЕАТ) од Одделот на Секретаријатот на ОБСЕ за транснационални закани претставува ресурсен центар за 57. земји учеснички во ОБСЕ, за теренските активности и за независните институции, а помага и во поддржувањето и спроведувањето на заложбите на ОБСЕ за борба против тероризмот. Се надеваме дека овој ресурс ќе придонесе за инклузивни, повеќекориснички процеси во развивањето на програми и стратегии за С/СНЕРВТ. Исто така, веруваме дека темите што се опфатени во оваа публикација ќе помогнат во оформување на поконструктивни дискусии и дијалог.

Овој Прирачник е од регионален карактер, односно се осврнува кон Југоисточна Европа. Во Прирачникот се нагласени предизвиците што се специфични за регионот и примерите каде истите се појавуваат во практиката. Наредното издание на оваа публикација ќе се осврне на земјите од Централна Азија.

Овој Прирачник е еден од низата планирани прирачници што ги издава ЕАТ за предизвиците во развивањето и имплементирањето на ефективните програми за С/СНЕРВТ. Очекуваме овој Прирачник, како и нашите претстојни публикации, да им дадат драгоцена помош на креаторите на политики и практичарите кои работат на поттикнување на инклузивни пристапи кон мирот и безбедноста на подрачјето на ОБСЕ.



**Раса Остраускајт,**
координатор за активности за справување со транснационални закани,
Секретаријат на ОБСЕ

# Извршно резиме

**Граѓанското општество најдобро се разбира како тело составено од различни граѓански актери, заедници и формални или неформални здруженија со широк спектар на улоги, кои се вклучуваат во јавниот живот и сакаат да ги унапредат заедничките вредности и цели.**

**Граѓанското општество игра многу важна улога во пристапот што го вклучува целокупното општество во спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ). Актерите на граѓанското општество често пати се добро позиционирани, кредибилни и искусни во работењето со поедини групи, а тоа може да се искористи во насока на идентификување и справување со незадоволствата што причинуваат одредени лица да бидат поранливи на влијанија од насилни екстремистички групи.**

**Младите, жените и лидерите на заедницата претставуваат клучни актери во граѓанското општество кога се преземаат напори на полето на С/СНЕРВТ, а тоа се должи на нивното влијание и способност да промовираат општествени промени. Други стејкхолдери како што се медиумите, органите задолжени за спроведување на законот, едукаторите, истражувачите, како и приватниот сектор можат да дадат значителен придонес за спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.**

**Граѓанските општествени групи и актери, во Југоисточна Европа и на другите места, се соочуваат со значителни предизвици во создавањето и спроведувањето на влијателни програми за С/СНЕРВТ, а кои би вклучувале: можности за маневрирање низ политичките и правни ограничувања; можности да се обезбеди учество во развивањето на политики и стратегии на владино ниво; можности за обезбедување на адекватно и одржливо финансирање; можности за градење на внатрешни капацитети; можности да се осигури личната безбедност, како и можности да се воспоставуваат ефективни партнерства со владини актери.**

**Постои одреден број на практични чекори со кои би можело да се помогне во поддржувањето и унапредувањето на напорите на владините актери во процесот на развивање на продуктивни и неинструментализирани односи со организациите за граѓанско општество (ОГО). Тие вклучуваат воспоставување на флексибилни механизми за координација помеѓу повеќе агенции и кодифицирање на партнерства меѓу владините и невладините актери преку утврдување на улогите и одговорностите.**

**Капацитетите на организациите за граѓанско општество можат да се зајакнат преку споделувања на добри практики при правењето на програми за С/СНЕРВТ, идентификување и поддржување на помалку познати, но кредибилни групи, воспоставување на регионални мрежи и платформи за соработка, како и преку поврзување на истражувачите со практичари за да се поддржи работата што се заснова на докази.**



# 1. Вовед

Насилниот екстремизам и тероризам во основа претставуваат отфрлање на демократските вредности како што се толеранцијата, почитувањето, инклузијата и диверзитетот, а вредности кои истовремено претставуваат основа за работата на ОБСЕ. Во време кога 57. земји учеснички во ОБСЕ се соочуваат со различни видови и степени на опасности поврзани со транснационалниот тероризам, сите тие ја имаат потврдено нивната заложба да работат заедно во насока на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ). Ваквата заложба вклучува консензуално признавање на „важните улоги што младината, семејствата, жените, жртвите на тероризам, верските лидери, културните и образовни лидери, граѓанското општество и медиумите можат да ги имаат со цел спротивставување на насилно-екстремистички наративи кои можат да доведат до поттикнување на одредени терористички актери да извршат терористички дејства, а истите тие како позитивни фактори можат да влијаат и во насока на решавање на оние проблеми што можат да претставуваат потенцијална основа за ширење на тероризмот, особено преку поттикнување на заемно почитување и разбирање, помирување и мирен соживот меѓу културите, како и преку промоција и заштита на човековите права, основните слободи, демократските принципи и владеењето на правото“.[1]

Во најдобар државен интерес е да се работи со граѓанското општество во процесот на С/СНЕРВТ од причина што актерите на граѓанското општество често пати се подобро поставени, покредибилни и повеќе запознаени и поискусни во работењето со одредени групи при што овој факт може да помогне и во насока на идентификување и справување со незадоволствата што доведуваат одредени лица да бидат повеќе подложни на НЕРВТ. Сепак, важноста на „сеопфатниот пристап на целото општество“ во спречувањето на НЕРВТ многу често се разбира само апстрактно, а не и во однос на неговата примена. Во многу земји поимите за безбедност што ја вклучуваат улогата за невладините актери се нови и нетестирани. Потребата за вистински партнерства помеѓу граѓанското општество и владите може да се разбере, но тешко може да се операционализира. Со цел локалните власти конструктивно да се ангажираат со актерите на граѓанското општество, владите мора да обезбедат простор и поддршка за локалните организации, како и развојни иницијативи, а притоа самите тие како влади мора да ја зајакнат пораката што ја испраќаат дека ја ценат улогата што лицата, заедниците и граѓанското

1 ОБСЕ MC.DOC/4/15 (4 декември 2015 година)

општество можат да ја имаат во процесот на зајакнување на безбедноста и сигурноста.

Имајќи ги предвид овие идеи, овој Прирачник е напишан за да помогне во поддржувањето на безбедна, конструктивна и влијателна улога што граѓанското општество би ја имало во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ, улога која би одразувала однос заснован на доверба помеѓу владините актери и актерите на граѓанското општество, а и би содржела разбирање за заедничката одговорност, за безбедноста и сигурноста. Публикацијата е напишана и наменета за креаторите на политики кои работат на изработка на политики, стратегии и акциски планови за спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои се стремат кон тероризам. Со оваа публикација особено се настојува да се помогне во продлабочувањето на нивното ценење на улогата што граѓанското општество ја има на полето на С/СНЕРВТ, а, исто така, и да се охрабри еден инклузивен процес за концептуализација и подготвување на такви политики и стратегии.

Овој Прирачник, исто така, е напишан и за употреба од страна на актерите на граѓанското општество - организации и лица - кои се ангажираат на полето на спречување на НЕРВТ. Прирачникот треба да помогне во правец на разјаснување на спектарот на активности што се релевантни за С/СНЕРВТ, но и да даде инспирација за нови, сигурни, влијателни и одржливи иницијативи. Идеите и насоките што се презентирани во оваа публикација се насочени кон промоција на дијалог и критична дебата за тоа како да се зајакнат иницијативите предводени од граѓанското општество на полето на С/СНЕРВТ.

Овој водич е составен на таков начин со цел да содржи насоки и примери од Југоисточна Европа, вклучувајќи и такви што се релевантни за овој регион бидејќи истиот претставува клучно подрачеје кон кое ОБСЕ е насочено, а и во рамките на истиот спроведува шест теренски операции. . За таа цел, ЕАТ/ОТЗ свикаа средба на која учество зеде една група на актери од граѓанското општество, академци и други стручни лица, за да може да се земат предвид нивните погледи за предизвиците и добрите практики во контекст на овој регион. Со примерите за добри практики се нагласува голем дел од моќната и важна работа што се врши во самиот овој момент во регионот.

Во Второто поглавје се објаснуваат клучните концепти на кои се осврнуваме во овој Прирачник, а кои вклучуваат преглед на граѓанското општество и природата на поимите како што се радикализација, насилен екстремизам и тероризам, како и нивниот делокруг. Спектарот на политики и интервенции што припаѓаат во доменот на С/СНЕРВТ, исто така, се опишани и категоризирани.

Во Третото поглавје јасно се објаснува зошто е од витално значење постоењето на заеднички пристап на целото општество кога зборуваме за С/СНЕРВТ,

а, исто така, во овој дел се разјаснува и значењето што го имаат актерите на граѓанското општество за безбедноста. Исто така, се разгледани и други стејкхолдери , вклучувајќи ја полицијата, едукаторите и медиумите.

Конкретниот регион на Југоисточна Европа се разгледува во Четвртото поглавје, при што тука се дава опис на предизвиците и природата, на пејзажот и на граѓанското општество кои се карактеристични за тоа подрачје.

Користејќи различни авторитативни извори, Петтото поглавје дава јасни, достапни и практични насоки за активностите што граѓанското општество ги предводи во областа на С/СНЕРВТ. Во ова поглавје се нагласени добрите практики од подрачјето на Југоисточна Европа.

Овој водич се заснова на експертиза и акумулирано искуство стекнато преку теренските операции што ОБСЕ ги врши во Југоисточна Европа, како и на претходните публикации на ОБСЕ, а особено, Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Заеднички пристап помеѓу полицијата и заедницата. Во деловите под наслов „Список на одбрани публикации на ОБСЕ“ и „Библиографија“ се опишуваат клучните извори и публикации што се користени во изработката на овој Прирачник и кои можат да служат како корисни алатки за тие што создаваат политики и програми на полето на С/СНЕРВТ.



# 2. Клучни концепти

## 2.1. Што претставува граѓанското општество?

Иако не постои прецизна дефиниција, граѓанското општество во голема мера се подразбира како „арена надвор од семејството, пазарот и државата“.[2,3] За неговите компоненти често се дава објаснување за тоа, што всушност не се тие, како што е „невладин“, „непрофитен“ и „некомерцијален“ ентитет, а не, всушност, што тие навистина се. Општо земено, граѓанското општество најдобро се подразбира како разновидно **тело составено од граѓански актери, заедници и формални или неформални здруженија со широк спектар на улоги, кои се вклучени во јавниот живот и настојуваат да ги унапредат заедничките вредности и цели.** Актерите на граѓанското општество обично вклучуваат: водачи и групи на заедницата; грасрут здруженија (grassroots); верски лидери и верски организации; онлајн групи и заедници на социјалните мрежи; меѓународни, локални и грасрут невладини организации (НВО); синдикати и гранкови здруженија; добротворни и филантропски фондации; академски и истражувачки институции и заедници на рекреативни групи.[4]

Во зависност од контекстот, семејствата и политичките партии може да се сметаат дека се дел од мозаикот на граѓанското општество, но почесто тоа не е случај. Иако настојува да дава форма на политиките, законите и правилата, граѓанското општество не бара да добие контрола врз државниот апарат, па поради тоа истото јасно се разликува од политичките организации и

2 Извештај за активности, јули 2005 - август 2006 година (Центар за граѓанско општество, Лондонска школа за економија и политички науки)

3 Концепт и дефиниција за одржливост на граѓанското општество (Центар за стратегиски и меѓународни истражувања, 2017 година)

4 Европската Унија во неодамнешната публикација, Повеќегодишна индикативна програма за тематската програма „Организации на граѓанското општество (ОГО) и локалните власти» за периодот 2014-2020 година, ги вклучува следните примери на ОГО: „невладини организации, организации што претставуваат автохтони народи, организаци што претставуваат национални и/или етнички малцинства, организации на дијаспората, организации на мигранти во земјите партнери, здруженија на локални трговци и граѓанските групи, задруги, здруженија на работодавачи и синдикати (социјални партнери), организации што претставуваат економски и социјални интереси , организации што се борат против корупцијата и измамата и промовирање на добро владеење, организации за граѓански права и организации за борба против дискриминација, локални организации (вклучително и мрежи) вклучени во децентрализирана регионална соработка и интеграција, организации на потрошувачи, младински организации и организации на жени, еколошки, наставни, културни, научни организации, универзитети, цркви и религиозни здруженија и заедници, филозофски и неконфесионални организации, медиуми и сите невладини здруженија и независни фондации».

партии кои се натпреваруваат за тоа кој ќе ја добие контролата врз владата. По импликација, политичките партии, генерално, не се сметаат како дел од граѓанското општество, иако тие понекогаш се сметаат за хибридни организации на граѓанското општество (ОГО).[5,6] Слично на ова, семејствата, домаќинствата и роднинските мрежи често се исклучуваат од кралството на граѓанското општество при што се сметаат како дел од приватен домен што гравитира околу интимни и крвни врски.[7]

Граѓанското општество традиционално функционира во физичкиот простор, но иновациите во информатичката и комуникациска технологија (ИКТ) во последните децении доведоа до нова област каде граѓаните се ангажираат со што фундаментално се промени начинот на кој луѓето се дружат и настојуваат да ги унапредат социјалните цели. Од крајот на 2017 година па наваму, се проценува дека половина од светската популација, или околу 3 милијарди и 819 милиони луѓе, се активни интернет-корисници[8], од кои повеќе од три милијарди се и активни корисници на социјалните медиуми. Пречекорувајќи ги географските и општествените препреки, оваа технолошка револуција резултира во пролиферација на заедници на граѓани кои се меѓусебно вмрежени преку социјалните медиуми. Овие формални и неформални мрежи имаат способност многу брзо да ја зафатат пошироката јавност и да мобилизираат поддршка, да привлечат внимание кон каузи (позитивно или негативно), а кои во поинаков случај можеби би имале многу ограничено влијание.

## 2.2. Разбирање на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ)

Постојат различни правни, политички и академски дефиниции и сфаќања за тероризмот, радикализацијата и насилниот екстремизам. Овие дефиниции имаат различни цели и не секогаш се усогласени, што понекогаш претставува предизвик за напорите за подобрување на добрите практики и градење на меѓународна соработка. Генерално, **насилниот екстремизам** се однесува на акти на насилство што се должат или се поврзани со таква идеологија што е екстремно верска, социјална или политичка.

5 Глобално граѓанско општество: Променување на светот? (Шолте, Ј.А, 1999 година)

6 Спроведување на процена за ДВ: Рамка за развој на стратегии (УСАИД, 2000 година)

7 Сепак, некои политички теоретичари гледаат на семејството или сферата на домашен живот како на интегрален дел од граѓанското општество. Види Род и граѓанско општество (Џуд Хауел, база на знаење за РГО, 2005 година).

8 Види www.statista.com

Обично, насилниот екстремизам концептуално се смета како поекспанзивен и понијансиран за разлика од тероризмот. [9] Акцискиот план на генералниот секретар на Организацијата на Обединетите нации за спречување на насилниот екстремизам укажува дека „насилниот екстремизам опфаќа поширока категорија на манифестации и постои ризик дека евентуален конфликт помеѓу двата поима може да доведе до оправдување на прекумерна примена на контратерористички мерки, вклучително и такви мерки против разни видови на однесувања што не треба да бидат оквалификувани како терористички акти“.[10] Постојат значителни семантички и концептуални предизвици во терминологијата што се поврзани со насилниот екстремизам и тероризам, особено од перспектива на човековите права.[11]

**Радикализацијата се однесува на процесот во кој едно лице сè повеќе поддржува или се заложува за екстремистички идеи.** Тоа претставува концепт за кој постојат различни толкувања. Понекогаш овој поим се користи на начини што имплицираат имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Таквите толкувања се проблематични, не само поради тоа што не сите кои имаат радикални идеи нема да се впуштат или да поддржат насилна активност, туку и поради способноста да се има идеја - независно од нејзината природа, а тоа претставува заштитено основно човеково право.[12] Правото на слобода на изразување, исто така, ги заштитува погледите што некој може да ги смета за радикални или екстремни, на пример, за некои идеи со кои се „навредува, шокира или се вознемирува државата или одреден дел на популацијата“.[13] На пример, поддржувачите на универзалното право на глас и укинување на ропството некогаш се сметале дека се залагаат за радикални идеи бидејќи имале спротивен став од нормите што на времето преовладувале.

ОБСЕ има посебна и интенционална терминологија за овие концепти: **насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ).** „Радикализација што води кон тероризам“ се однесува на „ динамичниот процес во кој едно лице на крајот прифаќа терористичко насилство како возможно, па дури и легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно

---

9 Види Преглед на литературата за спротивставување на насилниот екстремизам од страна на Насер-Един, Гархам, Агостино и Калја (2011 година); Насилен екстремизам од Глазард и Зеутен (2016 година); C/C НЕРВТ: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ, Нуман (2017 година)

10 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, A/A/70/674)

11 Документ на ОН. /hrC/31/65 извештај на специјалниот известувач за промовирањето и заштитата на човековите права и основните слободи во спротивставувањето на тероризмот

12 Правото на слобода на мислење и изразување без мешање од трета страна е заштитено со членот 19 од Универзалната декларација за човекови права усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации во 1948 година и зајакнато со членот 19 од Меѓународната конвенција за граѓански и политички права усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации во 1966 година.

13 Европски суд за човекови права, Хендисајд против Велика Британија, апликација бр. 5493/72, 7 декември 1976 година.

извршување[14] Овој поим ја нагласува важноста за правење на разлика помеѓу криминална активност и активност извршена во согласност со закон.

## 2.3. Програми и стратегии за спречување и спротивставување на НЕРВТ

Поради тоа, **спречувањето и спротивставувањето на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ)** се однесува на спектар на политики, програми и интервенции насочени кон спречување и спротивставување на екстремизам поврзан со терористичка радикализација. Повторно, рамката што ОБСЕ ја има усвоено ја нагласува врската помеѓу радикализацијата/екстремизмот и актите на насилство и криминализираниот тероризам, па така со истата експлицитно се нагласува важноста за зачувување на основните слободи кога се преземаат активности од областа на спречување на овие безбедносни закани.

За целите на овој Прирачник, се прави разлика помеѓу С/СНЕРВТ и контратероризмот со тоа што се смета дека првата активност не се занимава со таргетирање на терористи или терористички активности директно преку истраги, апсења или кривични прогони. Наместо тоа, С/СНЕРВТ се фокусира на: (i) спречување и спротивставување на процеси на радикализација што можат да резултираат во тероризам; (ii) адресирање и намалување на незадоволства и структурно општествени, економски и политички проблеми што би можеле да претставуваат погодна средина за развој на насилен екстремизам; (iii) пружање помош на оние кои веќе се радикализирани кон тероризам со цел да се ослободат од таквата активност или да се дерадикализираат и реинтегрираат во општеството; и (iv) создавање на отпорност кај заедницата кон НЕРВТ. Контратероризмот, за разлика од НЕРВТ, се однесува на сет активности што првенствено ги преземаат органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките служби, и понекогаш и армијата, а сето тоа „со цел да се спречат терористички заговори и да се растурат терористички организации“.[15] Исто така, иако државните власти се тие кои, првенствено, ги креираат стратегиите од областа на С/СНЕРВТ и истите ги применуваат, нивната имплементација не е ограничена на владините актери и таа вклучува широк спектар на стејкхолдери.

---

14 Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: заеднички пристап помеѓу заедницата и полицијата (ОБСЕ ОТЗ и ОДИХР, 2014 година)

15 Спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ (Нјуман, ОБСЕ 2017 година).

Друга аналогна или преклопувачка терминологија што се користи во Меѓународната заедница ги вклучува поимите: спротивставување на насилен екстремизам (СНЕ), спречување на насилен екстремизам (СНЕ) и контрарадикализација (КР). Една дефиниција за спротивставување на насилен екстремизам (СНЕ) гласи: „Преземање на проактивни дејства за спротивставување на напорите на насилните екстремисти што тие ги прават во правец на радикализирање, регрутирање и мобилизирање на следбеници за да вршат насилство, како и за справување со одредени фактори што го олеснуваат регрутирањето на насилни екстремисти и процесот на радикализација кон насилство“.[16] СНЕ, како акроним за спречување на насилен екстремизам, повеќе се користи во рамките на Обединетите нации и кај агенциите за развој. Со него се нагласува решавањето и справувањето со проблемите и основните причини кои претставуваат плодна почва за појава на тероризам , како што се слабото управување, општествените структури што исклучуваат, како и недоволната едуцираност.[17] Поимот „контрарадикализација“ исто така, го става акцентот на спречувањето, па така, според една дефиниција, тој „настојува да спречи нерадикализирани популации да станат радикализирани. Целта е да се креира индивидуална отпорност и отпорност кај заедницата против когнитивна и/или насилна радикализација преку различни непринудни средства“.[18] Глобално, сите овие поими содржат проактивни и превентивни напори во самата нивна срж.

Спектарот на активности, програми и видови на ангажман, кои спаѓаат во рамките на мерки од областа на С/СНЕРВТ, е широк и вклучува напори што се преземаат на меѓународно, регионално, централно и индивидуално ниво, како и на ниво на заедница.[19] Конкретните видови на активности што се преземаат се утврдуваат според областите за приоритетна акција идентификувани со стратегиската рамка на секоја влада. Меѓу другото, природата на преовладувачките општествени норми, политичките околности, структурите на власт, ресурсите, капацитетите, процените за ризик и традициите влијаат врз тоа каков вид на пристап или програма би се применил, односно применила.

Постојат два вообичаени начина за категоризирање на програмите од областа на С/СНЕРВТ, од кои едниот начин е според **тип** (создавање на свест, обука, стратешки комуникации, итн.), а другиот според **функција** (превенција, интервенција и рехабилитација). Некои видови на програми можат да спаѓаат во рамките на повеќе функционални области. Некои експерти сугерираат дека

---

16 Заедничка стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам на Стејт департментот и УСАИД (Стејт департмент на САД и УСАИД, 2016 година)

17 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, А/А/70/674)

18 Спречување на насилна радикализација во Америка (Група за подготвеност за национална безбедност, Bipartisan Policy Center, 2011 година)

19 Правење на сеопфатна анализа пред дејствување: Аналитички алатки за разбирање и креирање на програми за спречување и спротивставување на насилен екстремизам (Холмер и Баумен, USIP, август 2018 година).

рамките за намалување на насилството на бандите или моделите на јавното здравство можат да се искористат за развивање и групирање на програми од областа на С/СНЕРВТ.[20,21]

Со **програмите за превенција се настојува да се намали привлечноста на насилниот екстремизам и да се изгради отпорност кон неговото влијание и ширење**. Видовите програми што припаѓаат во рамките на оваа категорија, меѓу другото, се: подигање на свеста за заканата од насилен екстремизам во училиштата; кампањи за информирање на јавноста и дебати во заедницата; дебати во рамките на една иста верска заедница и дебати помеѓу повеќе различни верски заедници; градење на капацитети кај наставниците и лидерите на заедницата во насока на идентификување и поддржување на лица подложни на радикализација; медиумски пораки и контра/алтернативни наративни кампањи, како и градење доверба кај заедницата, кон органите задолжени за спроведување на законот, итн.

**Со програмите за интервенции** се таргетираат лица што се „изложени на ризик“ и се настојува да се интервенира во патеката на лицето додека тоа се движи кон терористичка радикализација и не ја преминало линијата на криминална активност, односно пред да стори акти на насилство. Видовите програми што припаѓаат во оваа категорија понекогаш се нарекуваат „исклучни (off ramps)“ или „излезни програми“.

Програмите се доброволни и вклучуваат: механизми за упатување, психосоцијална поддршка, менторство, теолошка / доктринарна дебата, образование и обука за вработување и поддршка, итн.

Со **програмите за рехабилитација** се таргетираат лица кои се радикализирани кон насилство во различни стадиуми на радикализација, а истото може да важи и за нивните семејства. Видовите програми како што вклучуваат затворска де-радикализација/повлекување (од таквата активност), така вклучуваат и посткриминални програми за згрижување што се фокусираат на рехабилитација и реинтеграција на сторителите на терористички активности, како и на враќање на странски борци и нивна повторна интеграција во општеството. Некои програми овозможуваат образовна и стручна обука, советување, можности за вработување и идеолошко превоспитување, итн.

Политиките и програмите што владините актери и актерите на граѓанското општество ги креираат и спроведуваат на полето на С/СНЕРВТ треба да се насочени против сите форми на насилен екстремизам и да ги опфатат и ултранационалистичкиот и ултрадесничарскиот, односно ултралевичарскиот екстремизам. Подеднакво е важно со овие програми да се почитуваат

20 Канаринци во рудникот за јаглен: Интерперсонално насилство, насилство на банди и насилен екстремизам преку лупа за превенција на јавното здравје (Ејсенман Д.П., Флавахан Л., 2017 година)

21 Практики што ветуваат, вклучување на младите за мирот и безбедноста и во спречување на насилниот екстремизам (УСАИД, PERFAR, YouthPower)

човековите права и да не се повредуваат граѓанските слободи, особено слободата на мислење и изразување, здружување и религија или верување, како и со истите да не се стигматизираат одредени заедници или групи. Овие права се, особено, ставени под знакот прашалник кога се прават напори во насока на спречување на НЕРВТ и тука владите мора да гарантираат дека сите квалификувани ограничувања се законити, потребни и пропорционални.[22] Покрај гаранцијата дека со програмите за С/С НЕРВТ не се кршат човековите права, важно е, исто така, да се запомни дека промоцијата на човековите права сама по себе претставува моќна одбивна препрека против насилниот екстремизам и тероризам.[23]



22 Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: заеднички пристап помеѓу заедницата и полицијата (ОБСЕ ОТЗ и ОДИХР, 2014 година)

23 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, А/А/70/674)

# 3. Улогата на граѓанското општество во спречување и спротивставување на НЕРВТ



## 3.1. Додадената вредност на граѓанското општество

Постои широк меѓународен консензус дека кинетичките напори усвоени во изминатите децении против тероризмот се недоволни за поткопување на привлечноста на екстремистичките идеологии и спречување на ширењето на насилниот екстремизам. Како што е подвлечено во Акцискиот план за спречување на насилен екстремизам на генералниот секретар на Обединетите нации и во други стратешки документи за политики изработени од страна на клучни меѓународни организации кои работат на прашања од областа на безбедноста, традиционалните контратерористички алатки често се насочени против симптомите, а не против двигателите на насилниот екстремизам. Владите имаат одговорност да обезбедат сигурност и почитување на човековите права, како и да го поддржуваат владеењето на правото и да имплементираат политики со кои ќе се спротивстават на дискриминацијата, маргинализацијата и ексклузијата кај граѓаните. Овие компоненти се сметаат дека се важни за која било стратегија што има за цел да се спротивстави на

насилни екстремистички закани.[24] Сепак, некои незадоволства што насилните екстремистички групи ги експлоатираат лежат надвор од владиниот дофат. Актерите на граѓанското општество често пати се подобро поставени, имаат поголем кредибилитет и подобро се запознаени и се поискусни во работењето со одредени групи, а тоа може да помогне во насока на идентификување и справување со незадоволствата што предизвикуваат одредени лица да бидат поранливи во поглед на НЕРВТ.

Во последниве години, во разни документи за политики на ОБСЕ, особено во Министерската декларација 4/15, силно се охрабруваат земјите учеснички во ОБСЕ да работат преку разни сектори и проактивно да ги вклучуваат актерите на граѓанското општество и актерите на другите заедници во активности од областа на С/СНЕРВТ.[25] Една од главните предности на прифаќањето на сеопфатен пристап на едно цело општество во С/СНЕРВТ е неговата инклузивност. Всушност, понекогаш со недостиг на одговорност кај владите, со социјална и политичка ексклузија се потхранува насилниот екстремизам. Постојат повеќе причини поради кои граѓанското општество е витално за напорите од областа на С/СНЕРВТ:

- Граѓанското општество има капацитет и искуство да работи на програми со кои се негуваат мирни и инклузивни општества и со кои се ублажуваат структуралните проблеми што создаваат плодна почва за ширење на насилен екстремизам. Иако овие програми можеби не припаѓаат точно во рубриката за С/СНЕРВТ, тие често се сметаат како релевантни за С/СНЕРВТ. Некои од овие програми се концентрираат на градење мир, реинтеграција на популации што биле погодени од војна, добро владеење и владеење на правото, човекови права, права на жените, родови прашања, меѓуверски дијалог и трансформација на конфликти, вклучување на младите и спречување на криминал и употреба на дроги итн.

- Напорите на граѓанското општество често се локално вкоренети, имаат пристап, легитимност и влијание, а се водени од нескриена и вистинска грижа за благосостојбата и безбедноста на нивните заедници. Ова нив ги прави сигурни сојузници кои се подготвени да бидат иновативни, вешти и поподготвени да преземаат ризици за справување со безбедносните проблеми на нивните заедници.

---

24 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, A/A/70/674)

25 Види „Зајакнување на координацијата и кохерентноста на напорите на ОБСЕ за справување со транснационалните закани“ (ОБСЕ, MC. DEC/9/11), „Улогата на ОБСЕ во спротивставувањето на феноменот на странски терористички борци во контекст на имплементација на Резолуцијата бр.2133 на Советот за безбедност на Обединетите нации“ (MC.DOC/5/14), „Спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам“ (MC.DOC/4/15), и „Зајакнување на активностите на ОБСЕ за спречување и спротивставување на тероризам“ (MC.DOC/1/16).

- Граѓанското општество често пати има широко познавање за локалните динамики, трендови и двигатели на насилен екстремизам и истото тоа ги дава најдобрите механизми за „рано предупредување“ од опасностите што се јавуваат. Тоа нив ги става во ситуација да можат да обезбедуваат навремени интервенции и прецизни одговори, приспособени на околностите.

- Граѓанското општество често пати работи со маргинализирани групи, го промовира политичкото учество и обезбедува излезни вентили за адресирање на барањата и незадоволствата на граѓаните. Со овие излезни вентили може потенцијално да се помогне во дифузирање на тензиите помеѓу државните власти и заедниците, да се побиваат насилните екстремистички наративи и да се одбијат напорите на насилните групи да го искористат незадоволството кај заедницата за регрутирачки цели.

- Граѓанското општество може да се поврзе на регионално и на меѓународно ниво со поголеми дисциплини. Со тоа што тие се локално вкоренети, а истовремено и нашироко поврзани, тие се поставени во ситуација да можат да споделуваат и да ги усовршуваат добрите практики.[26,27,28,29]

## 3.2. Клучни актери на граѓанското општество на полето на спречување и спротивставување на НЕРВТ

**Младите, жените и лидерите на заедниците,** вклучувајќи ги и верските лидери, претставуваат клучни актери на граѓанското општество кои можат да обезбедат влијателни и долготрајни придонеси за спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Со стратешки рамки за С/СНЕРВТ и документи за политики сѐ повеќе и повеќе се бара да се даде поддршка и да се насочи фокусот токму кон овие актери. Особено младите и жените се признаени како агенти на општествена промена и како непроценливи партнери во напорите од областа на С/СНЕРВТ. Лидерите на заедниците се неопходни за негувањето на културата на толеранција и отворен дијалог, а, исто така, и за работењето со ранливите

---

26 10 причини зошто граѓанското општество е сојузник, а не непријател во борбата против насилниот екстремизам (Global Solutions Exchange, 2017 година)

27 Вклучување на граѓанското општество во спротивставување на насилниот екстремизам: Искуства со стратегијата на ОН за глобален контратероризам (Ван Гинкел, Меѓународен центар за контратероризам, Хаг, 2012 година)

28 Пријател, а не непријател: Отворање на простори за вклучување на граѓанското општество во областа на спречување на насилен екстремизам (Кортрајт и др., 2011 година)

29 Декларација од Барселона: План за акција на евромедитеранското граѓанско општество во насока на спречување на сите форми на насилен екстремизам (Опсерваторија за спречување на екстремистичко насилство, 2017 година)

членови на заедницата во насока на одбивање на насилни идеологии.[30,31]

### Младина

Младите луѓе се главната цел на насилните екстремистички организации кои прават напори за нивно регрутирање и мобилизација. Независно од земјата, религијата, социјалното потекло или степенот на образование, младината ја сочинува општествената група што е најранлива на насилен екстремизам. Психолозите ја припишуваат оваа ранливост кај младите на бројни фактори кои, меѓу другото, вклучуваат потрага по идентитет, чувство на значење, пријателство, цел, признавање и припадност. Нивната природна импулсивност и подготвеност да прифаќаат поголеми ризици може да претставуваат фактори кои придонесуваат за нивната склоност да се придружуваат на групи или движења кои поддржуваат насилство.[32,33]

По импликација, младината може да претставува, исто така, и еден од најстратегиските извори на отпор против НЕРВТ доколку нивната енергија, активизам и иновативни идеи се соодветно поддржани и конструктивно канализирани. Акцискиот план на Обединетите нации за спречување на насилен екстремизам ја нагласува важноста да се посвети посебно внимание на 1,8 милијарди млади жени и мажи во светот кои претставуваат непроценливи партнери за С/СНЕРВТ и ги повикува земјите членки на Обединетите нации да ги идентификуваат правите инструменти за поддршка и зајакнување на младите бидејќи тоа се тие кои ја преземаат каузата на мирот.[34] ОБСЕ повикува на ангажирање и зајакнување на младите преку: создавање на можности за нивно учество во јавниот живот преку промоција на човековите права, дијалогот и демократските начела; олеснување на нивниот пристап до социјалните услуги; и зајакнување на образовните можности и пристапот до вработување.[35]

Претставници на младината, активисти, волонтери и млади стручњаци често пати и успешно се вклучуваат во превентивното програмирање на локално ниво, било да е тоа офлајн или онлајн - преку ангажирање на свои врсници и/или своите заедници, при што тие на тој начин ја зголемуваат свеста за потенцијално негативните последици од терористички групи и обезбедуваат позитивни алтернативни идеи. Олеснувањето на дијалогот е друга заедничка

30 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, А/А/70/674)

31 Заклучоци на Советот за надворешна акција на Европската Унија за спротивставување на тероризмот, Генерален секретаријат на Советот, Совет на Европска Унија, Брисел (19 јуни 2017 година)

32 Спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ (Нјуман,ОБСЕ 2017 година).

33 Вклученост на младината во спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Извештај за наодите и препораките (Заедничка експертска тркалезна маса на Секретаријатот на ОБСЕ и ОБСЕ ОДИХР, 2012 година )

34 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар (Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, А/А/70/674)

35 Спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (ОБСЕ, 2015 година, Министерска декларација, MC.DOC/4/15)

област што треба да се практикува со младината. Со овој практичен пристап се обезбедуваат можности за размислување и конструктивна дебата за теми како што се личен и општествен развој, образование, независност, правда, чест, идентитет, родови норми, припадност, постконфликтно помирување, итн. Други теми што треба да се предмет на истражување, а за кои е потребно да се обезбеди помош од страна на професионални советници, меѓу другото, вклучуваат и справување со посттрауматски стрес, дискриминација, нетолеранција и домашно насилство.

### Согледувања по однос на жените и родот

Постои широк меѓународен консензус кај креаторите на политики и практичарите дека напорите за вклучување на жените во процесот на С/СНЕРВТ се од витално значење и дека истите треба да се интензивираат. Фактот дека тие се централен дел во напорите за меѓународен мир и безбедност е јасно искажан преку усвојувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1325: Жени, мир и безбедност[36], а во однос на С/СНЕРВТ тоа може поточно да се утврди преку развојот на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 2242 (2015 година).[37]

Ваквиот интензивиран ангажман на жените може да има корист и од дополнителни и посеопфатни пристапи што се предмет на истражување во рамките на родовите динамики во врска со терористичката радикализација, со тоа што стекнатото знаење ќе се инкорпорира во политиките и програмските акции за С/СНЕРВТ.[38,39] Родот се однесува на општествено конструирани улоги, однесувања, потреби и очекувања што се сметаат за соодветни за жените и мажите во одредено општество. Овие улоги се сметаат за контекстуално и временско-специфични, како и променливи.[40]

Родовата перспектива (односно разгледување на разликите помеѓу родовите улоги) е важна во работата на полето на С/СНЕРВТ бидејќи со неа се фрла светло на постојните моторни динамики во социокултурен контекст (односно што се очекува, што е дозволено и што е ценето кај мажот или жената, како и во процесите на носење одлуки). Користењето на родова лупа ни овозможува да се стекнеме со подлабоко разбирање за тоа како мажите и жените различно се вклучуваат во НЕРВТ, а, исто така, и за тоа каков различен впечаток насилниот екстремизам остава кај нив. Овој вид на анализа помага во идентификувањето на ефикасни можности за ангажирање и вклучување на жени во С/СНЕРВТ. Позитивното влијание на родовиот пристап кон безбедносните предизвици веќе е успешно тестирано. Со интеграцијата на родовата перспектива и со инклузијата на жените во чувањето на мирот и мировните процеси се

36 Резолуција на Советот на Обединетите нации 1325 (2000 година)(Обединети нации, 2000 година , S/RES/1325)

37 Резолуција на Советот на Обединетите нации 2242 (2015 година) (Обединети нации, 2015 година, S/RES/2242)

38 Резолуција на Советот на Обединетите нации 2242 (2015 година) (Обединети нации, 2015 година, S/RES/2242)

39 Свет на мажот? Истражување за улогите на жените во спротивставувањето на тероризмот и насилниот екстремизам (други: Финк, Зигер, Булаји, Хедајах и Глобалниот центар за кооперативна безбедност, 2016 година )

40 Родов меинстриминг: Стратегија за промовирање на родова еднаквост (Канцеларија на специјалниот советник за родови прашања и унапредување на жените, ОН Жени, 2001 година)

резултира во значително зголемување на ефикасноста и подобро решавање на проблемите.[41]

Истражувањата за улогата на жените во терористичките активности покажува дека се работи за погрешно сфаќање кога се мисли дека жените се само жртви или пасивни поддржувачи на насилниот екстремизам.[42] Всушност, за жените се знае дека тие играат одреден број на активни улоги во насилни екстремистички организации, почнувајќи од прибирање на разузнавачки информации, регрутирање и мобилизирање на извори, па сè до извршување на самоубиствени напади.[43] Понекогаш, насилните екстремистички организации регрутираат женски борци користејќи ги како тактичка алатка со цел преку понижување и посрамување да ги натераат мажите да се придружат, при што за таа цел си поигруваат со машкоста и родовите норми.[44] Една објективна процена за вклученоста на жените во активности на насилен екстремизам, и тоа во каков било контекст, може да помогне да се разголат родовите стереотипи и да се подобри разбирањето за различните улоги што тие можат да ги имаат на полето на С/СНЕРВТ.

Иако се сметаат за битни играчи на полето на практикување на активности од областа на С/СНЕРВТ, жените можеби нема да го постигнат нивниот целосен потенцијал како агенти на позитивна промена во општествата, каде тие се невидливи во јавниот простор и маргинализирани во приватниот живот; нивното зајакнување претставува основен услов за нивен ефикасен ангажман во просторот на С/СНЕРВТ. Истражувањата укажуваат на силна корелација помеѓу зајакнувањето на жените и намалувањето на насилниот екстремизам, и обратно, помеѓу родовата нееднаквост и насилните конфликти.[45] Со цел да се овозможи инклузивен ангажман на жените на полето на С/СНЕРВТ, потребно е, исто така, тие да бидат вклучени во креирањето на политики и да бидат застапени во секторите за безбедност и спроведување на законот. Со тоа ќе се утврди дека нивната вклученост е вистинска и нескриена, а не селективна и симболична.

Жените можат да имаат влијание врз напорите од областа на С/СНЕРВТ како креатори на политики, политички лидери, едукатори, мајки, членови на заедницата и активисти. Тие можат да оформуваат и предводат едукативни програми, проактивно да се ангажираат со ранливата младина и да бидат автори на моќни контранаративи, особено кога тие би зборувале како жртви или како лица кои преживеале терористички напади, но, исто така, и како

41 59 Свет на мажот? Истражување за улогите на жените во спротивставувањето на тероризмот и насилниот екстремизам (Финк, Зигер, Булаји, Хедајах и Глобалниот центар за кооперативна безбедност, 2016 година )

42 Жените и терористичката радикализација, Завршен извештај (Секретаријат на ОБСЕ и ОДИХР, 2011 година)

43 „Избегани сопруги на припадници на ИСИС го опишуваат животот во бригадата Ал-Канса која е целосно составена од женски припаднички; таму се казнуваат жените со по 40 камшици поради носење на погрешна облека (Индепендент, 2015 година)“

44 Од Втората светска војна до ИСИС, користење на срамот и машкоста во регрутирачки наративи (START, 2016 година)

45 Жени и спротивставување на насилен екстремизам (Идриз, GSDRC 2017 година)

поранешни насилни екстремисти. Една од повиталните улоги што тие можат да ја имаат на полето на С/СНЕРВТ е поврзана со нивната способност директно да интервенираат кај девојки и жени кои се изложени на ризик од терористичка радикализација или веќе се радикализирани, а, исто така, и кај повратници од конфликтни области во странски земји каде можеби тие биле активно вклучени во насилен екстремизам. Ова е особено од витална важност во оние заедници што се културно-конзервативни и каде комуникацијата и пристапот до жените е ограничен на други женски лица и машки роднини.

Исто така, важно е да се признае дека татковците имаат значајна улога во работата на полето на С/СНЕРВТ, особено во напорите за вклучување на родовата перспектива, а татковците се и неопходни актери во програмите за С/СНЕРВТ кои се засноваат на семејството. Поради нивната влијателна улога во семејната средина тие можат да претставуваат инструмент за формирање на позитивни и ненасилни поими за машкост. Сепак, овој потенцијал сè уште не е целосно истражен и адекватно искористен во програмите за С/СНЕРВТ. Поттикнувањето на дополнително и посуштинско истражување за улогата на татковците, како во олеснувањето, така и во ублажувањето на влијанието на насилниот екстремизам, би претставувало важен чекор кон вклучување на поефикасна родова перспектива во креирањето на програми за С/СНЕРВТ.[46]

### Лидери на заедници

**Лидерите на заедниците** можат да имаат моќна улога како медијатори помеѓу заедниците и државните органи. Партнерствата што резултираат се корисни за адресирање на низа проблеми поврзани со јавната безбедност во кои влегува и С/СНЕРВТ. Работењето со лидерите на заедниците во насока на оформување на чувство на заедничка цел во врска со С/СНЕРВТ претставува добра инвестиција бидејќи е добро познато дека со тоа се зголемува веројатноста за добивање на позитивни резултати.[47]

Лидерството во заедницата не е ограничено на традиционални стереотипи и поради тоа, кога се сака да се идентификуваат и ангажираат лидери на заедницата, умно е да се направат напори на вклучување на низа разновидни членови на заедницата во однос на возраста, родот, етничката припадност и верувањата. Верските лидери претставуваат посебна форма на лидерство во една заедница, а верските заедници се едни од најдобро организираните граѓански организации во светот. Верските лидери не само што служат како духовни водичи, туку тие претставуваат и влијателни креатори на одлуки во една заедница при што имаат и популарно и политичко влијание.[48] Освен за „обезбедување на теолошки противотрови за екстремистички толкувања на религијата", возможно е верските актери да се ангажираат во пошироки улоги

46 Улогата на семејствата во спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам: Стратешки препораки и програмски опции (Форум за глобален контратероризам, 2016 година)

47 Меморандум од Анкара за добри практики за мултисекторски пристап кон спротивставувањето на насилниот екстремизам (Форум за глобален контратероризам, 2012 година и 2013 година)

48 Вклучување на религија и верски актери во спротивставувањето на насилен екстремизам (Мандавил и Нозел, USIP, 2017 година)

на полето на С/СНЕРВТ и да се употреби нивното влијание во насока на добро владеење, човечки развој и градење на мир.[49]

Сепак, важно е да се биде внимателен во однос на негативните импликации што можат да произлезат од инструментализацијата на заедницата или верските актери во насока тие да обезбедуваат информации или да даваат извештаи на властите за состојбата во нивните заедници. Иако безбедноста претставува грижа на секој човек, со ставањето на заедницата и на верските лидери во позиција на информатори се поткопува нивниот кредибилитет и статус во рамките на заедницата. На крај, битно е да се признае дека во одредени случаи верските лидери имаат нелиберални, па дури и екстремистички размислувања и промовираат нетолерантни идеи. Вклучувањето на идеолошки екстремни верски лидери што не се насилни може да биде контрапродуктивно за С/СНЕРВТ.

Верските лидери можат да остават влијателен впечаток во низа активности почнувајќи од раниот превентивен стадиум па сè до рехабилитацијата и реинтеграцијата на насилни екстремистички престапници и враќањето на странски борци дома. Како на актери на кои може да им се верува, со единствени знаења за тоа кои пораки најдобро резонираат кај ранливите членови на заедницата, тие можат да бидат високо ефикасни комуникатори на алтернативни наративи. Тие особено можат да ја искористат нивната позиција на авторитет, кредибилитет, како и блиските врски со членовите на заедницата, во насока на менторирање на младите за вредностите на мирот и толеранцијата и градење на отпорност против пораките на омраза.[50]

## 3.3. Други важни фактори на полето на С/СНЕРВТ

Ефикасноста на сеопфатниот пристап на целото општество кон С/СНЕРВТ многу зависи од активното и непрекинато учество на широк спектар на актери во неговото спроведување. Покрај клучните актери на граѓанското општество кои се опишани погоре, другите важни фактори вклучуваат едукатори/учители, органи задолжени за спроведување на законот, академици/истражувачи, поранешни насилни екстремисти, информатичката технологија и секторот на социјални медиуми, новинари и медиумски специјалисти. Исто така, важно е да се признае дека влијанието на контрапродуктивните актери на заедницата и формалните или неформалните грасрут организации може негативно да се одрази врз агендата за С/СНЕРВТ. Иако не е целосно, подолу е прикажано

49 ibid.

50 Граѓански пристапи за спречување на насилен екстремизам: Секторски препораки и најдобри практики (Барзегар и др., Извештај финансиран од Европска Унија, Државен универзитет на Џорџија, Британски совет и Институт за стратешки дијалог, 2016 година)

посеопфатно истражување направено во поглед на спектарот на актери кои можат да имаат директно и позитивно влијание во областа.

- **Едукатори/учители/училишта** – Училиштата се особено подложни на ранливост од влијанија што произлегуваат од НЕРВТ бидејќи истите претставуваат средишта на општествена интеракција каде младите луѓе се собираат во зградата на лични и општествени идентитети. Едукаторите, како праволиниски практичари и лидери, се клучни во спречувањето на насилниот екстремизам, и не само поради нивната способност да пренесуваат знаења преку кои може да се влијае врз погледите на студентите за светот и за системот на вредности, туку и поради фактот што тие можат да идентификуваат кои студенти се ранливи на влијанија и имаат потреба од поддршка. Многу важна инвестиција е обуката на учителите која ќе им овозможи да научат да ги препознаваат ризиците од НЕРВТ и да знаат да пристапат кон ситуацијата на одмерен и конструктивен начин. Тие, исто така, можат да ги поддржат напорите на полето на С/СНЕРВТ преку развивање на наставни програми и учебници со кои ќе се поттикнува почитувањето на различноста и ќе се промовираат ненасилни општествени норми. Едукаторите, исто така, можат да имаат и многу важна улога во напорите за рехабилитација и реинтеграција со тоа што ќе обезбедуваат техничка стручна обука и програми за подобрување на когнитивните вештини, наменети за насилни и екстремистички престапници, со цел да ги подготват за нивна повторна интеграција во општеството.[51]

  Сепак, важно е да се истакне дека образованието претставува инструмент што може да се искористи во насока на постигнување на корисни или штетни резултати, а иако едукаторите се во единствена положба да можат да вршат влијание врз начинот на размислување и однесување на нивните студенти, не мора да значи дека тоа секогаш ќе биде конструктивно. Едукаторите и образовните институции, кои вршат зајакнување кај своите студенти на нивните погледи за светот што исклучуваат (ексклузија) и толерираат некаков вид на насилство, не би биле соодветни партнери на полето на С/СНЕРВТ.[52]

- **Служби задолжени за спроведување на законот/партнерство: полиција-заедница** – Полициските служби се одговорни за одржување на јавниот ред и мир. Практиката на спроведување на полициски должности заедно со заедницата ги нагласува „напорите кои се засноваат на партнерство и меѓусебна соработка помеѓу полицијата и заедницата со цел поефективно и поефикасно да се идентификуваат, спречуваат и решаваат проблемите поврзани со криминалот, стравот од криминал, прашањата што се однесуваат на физичката сигурност и безбедност,

---

51 Меморандум од Рим за добри практики за рехабилитација и реинтеграција на насилни екстремистички престапници (Глобален форум за контратероризам, 2012 година)

52 Спречување на насилен екстремизам преку образование: Водич за креатори на политики (УНЕСКО 2017 година)

општествениот неред и криминал на ниво на локалната заедница, а во насока кон подобрување на квалитетот на животот на сите“.[53] Во контекст на С/СНЕРВТ, премисата е дека блиската соработка заснована на доверба помеѓу полицијата и заедниците на кои таа им служи ќе резултира во намалени тензии и незадоволство, подобрена способност да се интервенира порано во циклусот на терористичка радикализација, намалување на заканите за јавната безбедност и поттикнување на поотпорни заедници.

Таквите партнерства претставуваат долгорочни инвестиции што бараат трпение и постојани теренски напори, како и постојан ангажман. Експертите укажуваат дека постои поголема веројатност овие напори да вродат со плод доколку компонентите на полицијата задолжени за теренска работа ја одразуваат расната, етничката и верската разноликост на заедниците на кои тие им служат. Покрај тоа, создавањето на јасни и транспарентни политики, со кои се разделува теренскиот ангажман на полицијата од прибирањето на разузнавачки информации и спроведување на истраги, води во вистински правец кон зачувување на довербата и зголемување на ефикасноста на ангажманот на полицијата за спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.[54] Советодавните одбори на заедниците или советите за безбедност се имаат покажано како ефикасни форуми за отворање и адресирање на теми поврзани со С/СНЕРВТ. Тие, исто така, за граѓанското општество и лидерите на заедниците претставуваат транспарентни и корисни платформи овозможувајќи им да можат да се вклучуваат и да обезбедуваат повратни информации на службите задолжени за спроведување на законот за тековните напори, а, исто така, и да координираат можни интервенции.

- **Академици/истражувачи** – Ефикасноста на политиките на полето на С/СНЕРВТ е неразделно поврзана со квалитетот на истражувањето и анализите со кои се поткрепува нивниот развој и се насочува спроведувањето на програмските активности. Со спроведување на истражувачки активности на полето на С/СНЕРВТ, кои се засноваат на докази и се потпираат на ригорозни техники и објективни методологии на оценување, постои поголема веројатност дека основните причини и динамични трендови на терористичка радикализација ќе бидат точно идентификувани. Подоцна, ова може да помогне во создавање на ефикасни и приспособени одговори.

  Сепак, адекватните капацитети за истражување можеби нема секогаш да бидат на располагање, при што владините актери треба да размислуваат за интегрирање на обуки и градење на капацитети за истражувачите како една

---

53 Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: заеднички пристап помеѓу заедницата и полицијата (ОБСЕ ОТЗ и ОДИХР, 2014 година)

54 Предизвикот и очекувањата од примената на заеднички стратегии помеѓу заедницата и полицијата за спречување на насилниот екстремизам: Повик за партнерства помеѓу заедницата и службите за спроведување на законот со цел зајакнување на јавната безбедност, Завршен извештај (Шанзер и др., NCJRS, 2016 година)

од нивните основни насоки на правење напори за С/СНЕРВТ. Квалитетот на истражувањето, исто така, зависи од пристапот до информации. На тој начин, преку посистематско и почесто олеснување на пристапот на истражувачите до релевантни податоци, креаторите на политики и државните власти би придонеле за поточни процени и подобри политики. Друг чекор кон развивање на стратегиски пристап за С/СНЕРВТ е одржувањето на форуми за политики на кои ќе се дискутира за приоритетите во политиките, ќе се дисеминираат истражувачките наоди и ќе се олеснуваат редовните размени помеѓу истражувачите, креаторите на политики и практичарите.

- **Поранешни насилни екстремисти или „поранешни припадници“** – Постојат и позитивни можности, а и ризици поврзани со процесот на вклучување на поранешни насилни екстремисти во напорите за С/СНЕРВТ, односно лица кои се откажале од учество во С/СНЕРВТ.[55] Поради нивното искуство стекнато од прва рака во процесот на терористичка радикализација – а возможно е и во процесот на регрутација и мобилизација – тие можеби добро го разбираат процесот и имаат корисни сфаќања за тоа како да се спречи таквата радикализација. Нивниот статус на индивидуи, кои или поддржувале или биле вклучени во терористички активности, може да им даде поголем кредибилитет кај лицата изложени на поголем ризик од терористичка радикализација, а, исто така, и потенцијално да ги направи полегитимни и поефикасни комуникатори кога се зборува против насилниот екстремизам. Тие можат да се поврзат на подлабоко и лично ниво. Преку споделување на нивните приказни и искуства тие можат да помогнат насилните екстремистички наративи да ја изгубат својата привлечност и да покажат дека е возможно да се напушти патот на насилство и повторно да се изгради нов живот. Поради тоа, „поранешните припадници“ можат да имаат корисна улога во широкиот спектар на напори насочени кон С/СНЕРВТ, од подигање на свеста и комуницирање на кредибилни контранаративи, па сè до давање на поддршка на програми на ОГО што се фокусираат на повлекување (од насилен екстремизам) или рехабилитирање и реинтегрирање на осудени насилни екстремисти.

  Сепак, малкумината од тие што се повлекуваат од екстремистички средини се подготвени и можат да учествуваат во напорите од областа на С/СНЕРВТ, а кога го прават тоа, тие најчесто имаат потреба од целосна обука, поддршка и надгледување. Исто така, повлекувањето од насилниот екстремизам не претставува линеарен или постојан процес, а рецидивот е постојан ризик. Една од главните препреки што се поврзуваат со регрутирање на „поранешни припадници“ за поддршка на програмите за дерадикализација/повлекување од насилен екстремизам е тоа што понекогаш, и покрај откажување од активно насилство, „поранешните припадници“ продолжуваат да размислуваат за истото, а со кое се промовира нетолеранција и така на тој

---

55 Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: заеднички пристап помеѓу заедницата и полицијата (ОБСЕ ОТЗ и ОДИХР, 2014 година)

начин со тоа се поткопуваат напорите за рехабилитација на другите.[56] На крајот на краиштата, откако ќе завршат целосна обука и ќе ги поминат редовните проверки и процени за ризик, „поранешните припадници“ можеби се најсоодветни за дополнителни улоги во напорите што се прават на полето на С/СНЕРВТ.[57]

- **Сектор за информатички технологии (ИТ) и социјални медиуми** – Со револуцијата во интернетот и социјалните медиуми се распаднаа традиционалните комуникациски бариери и се создаде подобро поврзан свет. Насилните екстремистички организации ја увидоа и искористија таквата моќ и извонредните можности за протегање на своите активности што ним им ги овозможуваат платформите на социјалните медиуми, користејќи ги за инспирација, регрутација и мобилизација на поддршка, за водење на психолошка војна, поттикнување и координирање на напади, како и за собирање на финансиски средства. Медиумските платформи на кои се води нивната пропаганда се толкуваат како алатки чија важност е споредлива со таа на смртоносните оружја што се користат на борбените полиња. Со оглед на просторната, стратешката и тактичката употреба на интернетот и социјалните медиуми од страна на насилните екстремисти, секторот за информатички технологии ја има клучната улога како во попречување на злоупотребата на своите платформи, така и во поддржување на иницијативи на граѓанското општество на полето на С/СНЕРВТ.

  Во текот на изминатите години поголемиот дел од попознатите платформи на социјални медиуми имаат пристапено кон напорите за таргетирање на онлајн злоупотреби и говори на омраза, резултирајќи во отстранување на огромен број на онлајн содржини што промовираат насилен екстремизам. Со овие напори мора внимателно да се маневрира во рамките на параметарот на закони што ја штитат слободата на говорот. Со додавање на попроактивен пристап на оваа реактивна позиција може да се постигнат дури и подобри резултати. Во партнерство со ОГО и младите кои се способни во ИТ технологиите, техничките компании имаат технолошки капацитети и ресурси да развиваат приспособени комуникациски стратегии и кампањи за да се спротивстават на насилните екстремистички наративи и да промовираат култура на толеранција, дијалог и недискриминација. Тие , исто така, можат да охрабруваат и да поддржуваат истражувања за злоупотребата и експлоатацијата на интернетот и платформите на социјални медиуми од страна на насилните екстремистички организации, така помагајќи им на креаторите на политики да развиваат поефикасни одговори. Со други активности фокусот може да се стави врз зајакнување на жртвите во насока и тие да се вклучат во работата од областа на С/СНЕРВТ со тоа што ќе им се

56 Императив за враќање на странските борци и нивна реинтеграција (Холмер и Штуни, Институт за мир на Соединетите Американски Држави, 2017 година)

57 Што да се прави, а што не при вклучување на поранешни припадници во активности од областа на спречување и спротивставување на насилен екстремизам (RAN C&N и RAN Exit, 2017 година)

обезбедат онлајн форуми каде тие ќе можат да ги споделуваат нивните приказни.[58]

- **Медиуми/известувачи** – Интернет револуцијата во изминатите две децении ја преобрази медиумската средина каде алатките на масовна комуникација не претставуваат повеќе ексклузивен домен на професионалните новинари. Сè повеќе мејнстрим медиуми се борат за просторот за вести со помали портали за вести, а идентификувањето на доверливи извори за вести станува сè поголем предизвик. Начинот на кој се известува за темите поврзани со насилниот екстремизам во медиумите остава длабок впечаток за динамиките во заедницата, безбедноста и напорите што се прават во насока на С/СНЕРВТ. Преку пристрасно пренесување на вести може да се поларизираат заедниците, да се промовира нетолеранција и омраза, а и да се зајакнат или поттикнат факторите што водат кон терористичка радикализација. Иако суштинските начела за етичко новинарство нудат цврста рамка за професионална покриеност со вести, за известувањето во врска со чувствителни теми, како што е насилниот екстремизам, потребно е да постои зголемена свест за законите што се однесуваат на приватноста и пресумпцијата на невиност.

  Улогата на одговорни, објективни и професионални известувачи во областа на С/СНЕРВТ не е ограничено во тоа само да се биде пожарникар на „дигитални пожари“[59] потпалени со погрешно или злонамерно дезинформирање. Новинарските известувачи и медиумски здруженија можат да ја искористат својата стручна експертиза во насока на обучување на факторите на граѓанското општество за тоа како тие да создаваат и дисеминираат влијателни алтернативни контранаративи, информативни кампањи и културно-чувствителни материјали во однос на С/СНЕРВТ.[60] Тие, исто така, можат да обезбедат простор за позитивни пораки од заедницата, како и да ги зајакнат истите. Освен тоа, напорите за градење на капацитети за медиумски практичари можат да се фокусираат и на создавање на знаења за суштинските начела и терминологија во однос на С/СНЕРВТ, а, исто така, и на практични упатства за избегнување на индиректна промоција на насилни екстремистички содржини, слики или пораки при нивното известување, сензационалистички или провокативен јазик, или стигматизација на одредени етнички или верски заедници.

- **Нелиберални актери на граѓанското општество** – Работата на организациите на граѓанско општество многу често е конструктивна и резултира во напори и програми со кои се промовира доброто владеење и антикорупцијата, владеење на правото, заштита на човековите права

58 Акциски план за спречување на насилен екстремизам: Извештај на генералниот секретар Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации, A/A/70/674)

59 Дигитални пожари во еден хиперконектиран свет (Светски економски форум, 2013 година)

60 Посилен од мечот? Улогата на медиумите во справување со насилство и тероризам во Јужна Азија (Центар за соработка против глобален тероризам, 2013 година)

и хуманитарната помош. Сепак, важно е да се признае дека граѓанското општество и грасрут организациите не секогаш ексклузивно настојуваат да се унапреди каузата за мирот, општествениот напредок и недискриминацијата. На пример, одредени грасрут организации се залагаат за поддршка на расистички и дискриминациски цели. Во некои случаи здруженијата за граѓанско општество имаат промовирано кастна и класна предрасуда, хомофобија, сексизам или угнетување на лица со посебни потреби. [61] Во други случаи, познато е дека верски организации, кои се периферно поставени, поради нивните екстремни ставови (фринџ организации), поттикнувале насилство врз основа на раса, етничка припадност, национално потекло или верска припадност.

Благодарение на контратерористичките операции откриено е дека ентитетите што понекогаш формално или неформално оперираат како таканаречени културни здруженија, младински форуми или добротворни организации засновани на верска припадност, се вклучуваат во активности што се поврзани со тероризам или заплашување на активисти и истражувачки новинари кои разоткриваат или зборуваат против насилен екстремизам. Емпириските истражувања укажуваат дека тимови од овие „фринџ“ организации често имаат оперирано во заедници што покажале несразмерно високи стапки на учество во насилни екстремистички активности. [62] Иако тие биле цел на службите што се грижат за спроведување на законот, во многу случаи не сите од нив престанале со нивните активности, па наместо да престанат, тие се адаптирале и се претвориле во поскриени форми. Кога се креираат и спроведуваат интервенции за С/СНЕРВТ, а со цел да се подобри нивната ефикасност, влијание и безбедност, од витална важност е да се земе предвид присуството, мотивациите и активностите на овие актери. Сепак, со цел властите да не се доведат во ситуација неправедно или несоодветно да цензурираат групи само поради тоа што тие имале спротивни ставови или изразувале несогласување, владите мора да имаат јасни докази дека таквите организации вршат криминална активност и имаат таква намера пред истите да станат нивна цел.

---

61 Кон глобална држава: Идни трендови и перспективи (Хигот, Мортен Угард, и др.,Рутлеџ, 2002 година)

62 Динамики на радикализација и насилен екстремизам во Косово (Штуни, USIP, 2016 година)






# 4. Контекст на Југоисточна Европа





Во текот на неколкуте изминати децении во Југоисточна Европа е постигнато многу, во смисла на развивање на енергично и плуралистичко граѓанско општество. И покрај постојаните предизвици, граѓанското општество беше тоа кое цврсто се поставуваше во првите редови на трансформациските движења и настојуваше регионот да транзитира од неговото авторитарно минато обележано од секташки војни и да излезе на пат кој води кон демократска трансформација и помирување. Бројот и разновидноста на организациите за граѓанско општество постојано расте, но таквата реалност не мора да говори за нивната ефикасност, таа говори за нивниот обем. Нивниот ангажман се фокусираше на широк спектар на напори во насока на адресирање теми од областа на градењето мир, стабилизација, постконфликтни прашања, демократизација, добро управување и владеење на правото.

Голем број на организации за граѓанско општество беа основани во регионот по завршувањето на воените конфликти од 1990. година и нивна примарна цел беше да спроведуваат програми финансирани од странство во насока на обезбедување хуманитарна помош и реконструкција. Некои од овие организации постепено се трансформираа во ентитети специјализирани за поддржување на доброто владеење и зајакнување на транспарентни и одговорни јавни институции, а други организации за граѓанско општество се фокусираа уште од нивното појавување на промоција на правата на младите, жените и малцинствата и придонесуваа во процесот на пристапување кон Европската Унија.[63]

63 „Анализа на јавниот пулс , перцепциите за граѓанското општество во Косово (УНДП, 2016 година)“

И покрај своите достигнувања, граѓанското општество во Југоисточна Европа одразува некои од истите структурални проблеми на односните општества каде тие функционираат. Иако конкретните проблеми во овој регион се разликуваат во зависност од земјата, сцената на граѓанското општество во Југоисточна Европа понекогаш се опишува како фрагментирана и етнички раздвоена, недоволно заснована на членство, премногу финансиски и политички зависна од поддршката на меѓународните донатори, со тоа што истото целосно не ги одразува и не се справува со приоритетните проблеми на своите конституенти.[64,65,66]

Процените направени од страна на меѓународните организации ги споделуваат истите заклучоци. Индексот на одржливост на граѓанските општества на Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) ја мери јачината и одржливоста на секторите на граѓанското општество и нивното севкупно ниво на развој. Таа го постигнува тоа преку анализирање на седум клучни компоненти: правна средина, организациски капацитет, финансиска одржливост, застапување, обезбедување на услуги, инфраструктура и јавен имиџ. Според Индексот на одржливост на граѓанските општества за 2016 година, целокупната одржливост во Југоисточна Европа не забележува знаци на подобрување во последната деценија. Областите каде ОГО најдобро поентираат на просечна основа се инфраструктурата и застапувањето, а, од друга страна, финансиската одржливост постојано бележи најслаби резултати, покажувајќи хронична зависност од странски донатори што продолжува да биде „Ахилова пета“ на организациите за граѓанско општество во Југоисточна Европа.[67]

Иако во помал обем, во регионот се бележи појава на развој на „нелиберално граѓанско општество“ претставувано од групи кои се залагаат за ултранационалистички и нетолерантни идеи, или кои селективно прибегнуваат кон некои форми на дискриминација, а, од друга страна, постојано игнорираат (понекогаш и одобруваат) вкоренети предрасуди или форми на екстремизам.[68] Во некои други случаи, популистички политички актери имаат користено државни медиуми или други платформи на масовни медиуми за критикување на граѓанското општество и за да ги обвинат ОГО дека тие се агенти платени од странство за поткопување на националните интереси. Иако ваквите случки често пати претставуваат директна манифестација на регионални динамики што се одвиваат во рамки на политичките граници, тие, исто така, претставуваат и одраз на поширок

64 „Студија за мапирање на организации за граѓанско општество во БиХ (EPRD Policy & Development, 2016 година)“

65 Мониторинг на матрицата за овозможување на околина за развој на граѓанското општество (Фондација за граѓанско општество на Косово, 2016 година)

66 Граѓанско општество и транзиции на Западен Балкан (Нови перспективи за Југоисточна Европа) издадено 2013 година

67 Индекс на одржливост на организации на граѓанско општество во Централна и Источна Европа и Евроазија за 2016 година (УСАИД, 2017 година)

68 Граѓанско општество и транзиции на Западен Балкан (Нови перспективи за Југоисточна Европа) издадено 2013 година

глобален тренд во кој демократските вредности и основните слободи се разјадуваат.[69,70]

Експертската работна група за Југоисточна Европа на средбата свикана од страна на ОТЗ/ЕАТ, за целите на овој Прирачник, идентификуваше одреден број на предизвици и можности за подобрување со кои се соочуваат организациите за граѓанско општество во регионот:

**• Легитимност и кредибилитет на ОГО**

Еден од најчесто споменуваните предизвици се однесува на прашањата што се однесуваат на недоволниот легитимитет и кредибилитет како резултат од нејасните цели и опортунистички позиционирања на организациите, а понекогаш и како резултат и од нивната отворена реализација на политички агенди.

**• Односите помеѓу ОГО и владите**

Целосно потврдувајќи дека односот помеѓу владите и граѓанското општество е значително подобрен благодарение на заедничката желба за ангажман, експертите имаат забележано дека не секогаш организациите за граѓанско општество се третираат како опипливи партнери, а притоа особено улогата на младинските организации не е доволно зајакната. Недостатокот на капацитети на ОГО и директната комуникација со владините актери го отежнуваат постоењето на позначајни односи засновани на соработка.

**• Координација, наспроти контрола врз соработката помеѓу ОГО и владата**

Тесно поврзано со горе наведеното, важно е да се воспостави непречен канал за координација на активностите што ОГО и владата ги преземаат на полето на С/СНЕРВТ со цел да се зголеми транспарентноста и да се обезбеди ефикасност. Сепак, експертите нагласија дека постои тенка линија помеѓу координација и контролирање, а како резултат на тоа организациите за граѓанско општество имаат тенденција да се вратат чекор назад за да спречат нивните проекти да станат директно контролирани или контролирани од премногу близу од страна на владата.

**• Создавање мрежи и соработка помеѓу ОГО**

Експертите истакнаа дека соработката помеѓу организациите за граѓанско општество во регионот варира од нивната специфична организациска заднина или основа, при што целокупното ниво на директна комуникација и соработка сè уште често пати е недоволно и ретко. Мрежите на граѓанското општество често пати се споменуваат како добра практика, но недостигаат значајни регионални поврзувања. Иако актерите на граѓанското општество

69 „Поддржување на граѓанското општество во Источна Европа и Западен Балкан" (Германски маршалов фонд на Соединетите Американски Држави, 2018 година)

70 Во врска со оваа тема корисно е да се види:„Одговорноста на државите: Заштита на бранителите на човекови права во подрачјето на ОБСЕ".

често се сретнуваат на конференции, тие не се ангажираат често во заеднички напори за спроведување на проекти.

**• Дуплирање на напори**

Експертите истакнаа дека нема недостаток на нови идеи и иницијативи за С/СНЕРВТ, но склоноста да се поставуваат нови структури и посветени платформи за секој предизвик одделно може да биде неефикасно, особено кога веќе можеби постојат соодветни капацитети. Советите за локална безбедност беа постојано цитирани како корисни средства за ангажман во контекст на С/СНЕРВТ.

**• Прашања за репутацијата и прашања што ја засегаат личната безбедност**

Постојат и репутациски и прашања што ја засегаат личната безбедност, кои се поврзани со вклученоста во активностите од областа на С/СНЕРВТ, а особено ако организациите за граѓанско општество се опишани како такви, односно жигосани. Од страв да не си ја загрозат сопствената репутација и безбедност, но, исто така, и поради можни правни обврски што можат да резултираат од работењето со радикализирани лица или лица осудени за сторени терористички кривични дела, голем број на организации за граѓанско општество одбиваат да се вклучат на ова поле.

**• Терминолошки прашања**

Одредени експерти укажаа на прашања од областа на терминологијата која не може да се преведе добро во контекст на регионот, а во случајот се работи за терминолошки изрази како што се „лидери на заедница“ и „младински лидери“. Покрај тоа, „спротивставување на насилен екстремизам“ се преведува како „војна против насилен екстремизам“ на сите локални јазици во Западен Балкан. Сепак, одредени учесници, исто така, сугерираа дека таа промена не треба да биде адресирана преку создавање на нови термини или усвојување на одделна терминологија за секој јазик поодделно, туку треба да се обезбедат контекстуални објаснувања и примери.

**• Недостиг на пристап**

Високо конзервативните заедници ретко обезбедуваат можност на организациите за граѓанско општество да се ангажираат во активности заедно со нив. Верските лидери, кои уживаат поголем кредибилитет од другите кај одредени заедници, можат да бидат во подобра можност да работат во такви околности.

За горе наведените комплексни предизвици потребно ќе биде да се примени пристап што ќе биде посебно приспособен за секој специфичен контекст. Насоките опишани во следното поглавје даваат можност за стекнување на знаење од постојните добри практики, а преку истите можеме и да научиме како да развиваме ефикасни одговори на овие или други предизвици од областа на С/СНЕРВТ.



# 5. Обезбедување на влијателна и ефикасна улога за граѓанското општество на полето на С/СНЕРВТ Насоки и добри практики








Не е доволно само да постои свест за виталната улога на граѓанското општество и грасрут активизмот на полето на С/СНЕРВТ; потребни се практични чекори за да се охрабрат и овозможат нивните напори, од нивна инклузија во стратегиско планирање на политичко ниво, па сè до поддржување на развој на програми и нивна имплементација. Не постои универзална рамка за вклучување на граѓанското општество во програми за С/СНЕРВТ или за развивање на интервенции предводени од страна на граѓанското општество; развивањето на локални решенија е витално. Сепак, постојат заеднички предизвици и фактори што важат за поголем број на различни околности, нешто што треба внимателно да се разгледа.

## 5.1. Клучни предизвици

**Политички и правен простор** – Насилниот екстремизам претставува чувствителна тема со сложени безбедносни импликации. На актерите на граѓанското општество и грасрут организациите, кои настојуваат да придонесат на полето на С/СНЕРВТ, не секогаш им е обезбедена потребната политичка и законска слобода што би им овозможило да преземаат ефикасни активности. Во името на сигурноста, безбедноста и борбата против тероризмот некои ОГО и теренски експерти ја искажаа својата загриженост со тоа што тие сметаат дека претставува ограничување на простор за граѓанското општество.[71] Некои правни последици и ограничувања во работењето со лица што се соочуваат со кривичен прогон по обвиненија за тероризам или, пак, издржуваат казни за насилен екстремизам се разбирливи и неизбежни. Сепак, понекогаш опсежното законодавство за контратероризам крајно сериозно им отежнува на актерите на граѓанското општество да можат да се ангажираат со лица кои се подложни на најголем ризик од терористичка радикализација или веќе се радикализирани, поради ризикот тие да бидат обвинети за обезбедување на „материјална поддршка» во терористички цели.[72] Овие ограничувања резултираат во намалување на спектарот на опции за интервенција. Колку повеќе ограничувања се тргнат и се воведат појасни и потранспарентни правни и политички рамки за безбедно вклучување на граѓанското општество во просторот на С/СНЕРВТ, дотолку е поверојатно и дека вклученоста на актерите на граѓанското општество и грасрут организациите ќе стане поголема и поефективна.

**Инклузија на ниво на креирање стратегии и политики** – Процесот на развивање на стратегии за С/СНЕРВТ и соодветни акциски планови обезбедува единствена можност за стимулирање на одговор од целокупната влада и од целото општество против насилниот екстремизам. Експертите се согласни дека еден инклузивен процес е онолку важен колку што е и важна самата стратегија. Бидејќи често има временско ограничување и ограничување во ресурси при развојот на овие документи за политики, може да постои тенденција да се прибегне кон она што понекогаш се нарекува менталитет – „сечи и залепи (copy-paste)“.[73] Тоа може да вклучува усвојување на јазик кој се чита добро и вклучува пристапи што можеби функционирале добро во различни околности со различни нивоа на експертиза и ресурси. Истите временски ограничувања можат да го ограничат нивото на ангажирање со граѓанското општество на површински консултации по составувањето на нацрт-стратегијата. Мала е веројатноста дека ваквиот постфактум пристап би дал ефикасни резултати.

---

71 Декларација од Барселона, План за акција на евромедитеранското граѓанско општество во насока на спречување на сите форми на насилен екстремизам (Опсерваторија за спречување на екстремистичко насилство, 2017 година)

72 Заедниците прво: План за организирање и одржување на глобално движење против насилен екстремизам (Ерик Росанд, Проектот за превенција, 2016 година)

73 Обезбедување на севкупен пристап кон развој и имплементација на национални акциски планови на полето на спречување на насилен екстремизам: Улогата на граѓанското општество (Проектот за превенција, 2017 година)

Како битен дел од процесот на подготвување на стратегија, експертите во голема мера се согласни дека предусловот за поефикасна стратегија за С/СНЕРВТ лежи во супстантивен и инклузивен пристап што ги интегрира независните актери на граѓанското општество, особено оние кои се недоволно застапени. Со инклузијата на независни организации за граѓанско општество во фазата на развој на стратегијата не само што се проширува разноликиот извор на експертиза и процесот се прави порепрезентативен, туку со тоа, исто така, се создава и можност за содржаен ангажман помеѓу владата и локалните фактори. На крајот, успешната имплементација на секоја стратегија за С/СНЕРВТ и ефектот од интервенциите на владините субјекти и актерите на граѓанското општество во голема мера ќе зависат од ефективноста на одржливите партнерства изградени врз основа на доверба, заедничка визија и заедничка цел.

**Адекватно и сигурно финансирање** – С/СНЕРВТ претставува долгорочна инвестиција насочена кон проактивно решавање на хроничните незадоволства што насилните екстремистички организации настојуваат да ги искористат. Ова е несомнено сложен процес што бара многу страст и посветеност, како и трпеливост и сигурна поддршка во вид на финансии и други потребни ресурси. Меѓутоа, стручњаците на терен често сметаат дека во доволна мера нема ниту донаторска трпеливост ниту финансии. Ова, првенствено, се манифестира во ситуација каде, од една страна, постојат кратки периоди на финансирање, а, од друга страна, ги имаме „ОГО кои често пати се соочуваат со период од три до шест месеци за спроведување на активности“ што бараат долгорочна заложба со цел да се утврди релевантноста и автентичноста на локално ниво и да се надмине перцепцијата на меѓународните актери кои гледаат на оние животи и заедници што се погодени од екстремизам како на „проект“.[74] Пилот-програмите се важни за тестирање на нови и потенцијално иновативни пристапи, но нивното долгорочно влијание неизбежно зависи од достапноста на дополнителни ресурси.

Освен тоа, групата на донатори, која издвојува средства за активности под водство на заедницата од областа на С/СНЕРВТ, сè уште е релативно ограничена и составена само од донатори од западните земји и меѓународни организации. Приватниот сектор, и покрај неповолното економско влијание од терористички активности, дури сега треба да покаже знаци на поддршка што одат подалеку од симболични гестови. Исклучок може да претставува технолошкиот сектор каде компаниите што се занимаваат со социјални мрежи постепено вложуваат во спречување на искористување на нивните платформи во насока на терористичка радикализација.[75] Поголемо вклучување на граѓанското општество во овие напори може да биде од заемна корист.

---

74 Меѓународна мрежа за акција за граѓанско општество (ММАГО), Спречување на насилен екстремизам, заштита на правата и заеднички пристап на полицијата со заедницата: Зошто се важни партнерствата помеѓу граѓанското општество и секторот за безбедност (2017 година)

75 Заедниците прво: План за организирање и одржување на глобално движење против насилен екстремизам (Ерик Росанд, Проектот за превенција, 2016 година)

**Поддршка за градење на капацитети и реални очекувања** – Ефикасноста и одржливоста на ефектот од активностите што граѓанското општество ги прави во областа на С/СНЕРВТ колку што се зависни од сигурното финансирање, толку зависат и од капацитетите и експертизата на актерите што нив ги спроведуваат. Сосема разбирливо е тоа што меѓународните донатори, кои се фокусирани на проектни резултати, често пати претпочитаат да ги насочуваат фондовите за С/СНЕРВТ кон мал број на афирмирани организации што имаат успешна историја на ефект во придржување до сложените барања за примена и спроведување на такви проектни активности.[76] Иако, на прв поглед, може да изгледа дека со ваквиот пристап се зголемува ефикасноста на ресурсите и веројатноста за успешен исход, со него, исто така, индиректно се ограничуваат можностите за помалку квалификуваните и афирмирани актери да можат да добијат на сила и значење, да може да се изгради експертиза и со истите да може да се прошири групата на теренски практичари кои ќе работат во иднина. Исто така, со ваквиот пристап може да се запостави фактот дека не секогаш актерите кои се најмногу афирмирани во поглед на стручноста имаат и најмногу кредибилитет во ранливите заедници.

Стручњаците се согласни дека давањето на финансиска поддршка на локалните партнери за градење на капацитети (не само преку обука, туку, исто така, преку давање можности за вклучување во креирање на проекти и нивно спроведување) претставува оптимален правец на дејствување за добивање на одржливи резултати. Тоа од донаторите бара да бидат поотворени во прифаќањето на ризици при доделување на средства на неискусни корисници, да ги поедноставуваат процедурите на финансирања и да ги приспособат сопствените краткотрајни очекувања со тоа што ќе ги земат предвид ограничувањата во поглед на стручноста и сложеноста на реалноста во која дејствуваат активистите на граѓанското општество и грасрут активизмот. Со текот на времето, со ваквиот инклузивен пристап, проследен со соодветни активности за градење на стручни капацитети, веројатно, ќе се создаде посилна група на актери од областа на С/СНЕРВТ кои ќе бидат подобро поставени и ќе можат да постигнат посилен ефект со краткорочните проекти финансирани од страна на донаторите.

**Неинструментализација** - Успехот на напорите од областа на С/СНЕРВТ во значителна мера зависи од воспоставувањето на квалитетна соработка и транспарентни партнерства помеѓу полицијата, лидерите на заедниците и актерите на граѓанското општество. Овие партнерства функционираат подобро кога се засновани на соработка, а не во случаи во кои некоја страна наметнува правец на дејствување или врши експлоатација. Иако навременото пријавување на сомнителни терористички активности и можни закани претставува граѓанска обврска и правна обврска на секој граѓанин, напорите што ги вклучува граѓанското општество и што се во насока на прибирање

76 ibid.

на разузнавачки информации за сторени криминални дејства, како и за откривање на опасности, често пати се контрапродуктивни и можат да завршат со поткопување на кредибилноста на граѓанското општество и на лидерите на заедницата во очите на членовите на тие заедници. [77]

**Лична сигурност и безбедност** – Актерите на граѓанското општество кои работат во областа на С/СНЕРВТ се соочуваат со бројни предизвици меѓу кои заканите кон личната безбедност се едни од главните. Работејќи со поединци кои се на патот кон терористичка радикализација или можеби веќе извршиле кривични дела поврзани со тероризам, активистите на граѓанското општество и лидерите на заедниците себеси се изложуваат на големи лични ризици. Важно е да се препознае дека просторот во кој тие се ангажираат ретко кога е природен и истиот често пати е исполаризиран и запалив. Насилни екстремистички мрежи што се одговорни за регрутирање и мобилизација на лица во терористички организации често пати спроведуваат активности во особено ранливи заедници или затвори. Било да е тоа преку предизвикување на нивните наративи или преку правење напори да се одвлечат лицата подложни на екстремизам подалеку од нивната гравитациска влечна сила, активистите на граѓанските општества и лидерите на заедниците директно вршат антагонизација и поткопување на особено опасни организации кои го прифаќаат насилството како прифатлива алатка дури и во цивилен контекст. Од витална важност е да се врши пресметка на соодветноста, тајмингот, нивото и обемот на ангажман на граѓанското општество во интервенциите од областа на С/СНЕРВТ, како и да се преземаат активни мерки за ублажување на ризиците по безбедноста во координација со субјектите задолжени за спроведување на законот.[78] Во посебни случаи дури може и најдобро да биде активностите од областа на С/СНЕРВТ да не се нарекуваат и означуваат како такви бидејќи правото нарекување не само што може да биде контрапродуктивно, туку тоа може да биде и небезбедно.

**Локални динамики и социополитички чувствителности** – Во денешниот глобализиран и меѓусебно поврзан свет, насилниот екстремизам претставува сложен феномен што резултира од динамичната меѓуигра помеѓу геополитичките фактори и високо контекстуалната целина на локални услови, незадоволства и околности. Поради тоа, за справување со локалните манифестации на насилен екстремизам потребно е да се има и општо разбирање за неговата транснационална димензија и идеолошка природа, како и да се направи објективна и нијансирана процена на локалните двигатели и динамики на терористичката радикализација. Во заедници со крајно исполитизирани етнички или верски идентитети, кои можеби во минатото искусиле секташка дискриминација или насилство, насилниот екстремизам може да се заснова на политички, етнички или верски поделби. Мора да се дизајнираат програми на начин на кој со истите нема да се

77 Императив за враќање на странските борци и нивна интеграција (Холмер и Штуни, Институт за мир на Соединетите Американски Држави, 2017 година)

78 Спротивставување на насилен екстремизам: Перспектива за градење мир (Холмер, USIP 2013, година)

таргетираат или стигматизираат одредени групи и нема да се зголемува поларизацијата или да се влошуваат меѓуетничките тензии.

**Ефикасност на програмите за набљудување и евалуација** – Мерењето и демонстрирањето на ефикасноста и ефектот од програмите претставува витална компонента на секоја програма од областа на С/СНЕРВТ. Освен што ова се прави за оправдување и привлекување на финансиска поддршка, истото се прави и за проценување на влијанието, односно ефектот, нешто што е многу поважно. Во случајот на С/СНЕРВТ, ова претставува особен предизвик поради повеќе причини. Прва и најважна причина е тоа што радикализацијата кон тероризам претставува сложен психосоциолошки феномен што резултира од конвергенција на факторите кои се структурни и длабоко индивидуални. Во иницијативите што се однесуваат на превенцијата, многу е тешко и недоволно уверливо да се „измери негативното“, или да се оцени дали насилниот екстремизам и радикализација, кои водат кон тероризам, се спречени поради учество на одредено лице во одредена програма за превенција.[79]

Ова, особено, причинува тешкотии за актерите на граѓанското општество и грасрут организациите кои ретко располагаат со институционални ресурси потребни за развивање и/или применување на ригорозни параметри и методологии за евалуација. Сепак, некои постојни практики од полето на градењето мир и развој можат да се покажат како корисни во воспоставување на алатки за оценување на програмите од областа на С/СНЕРВТ. Некои од тие практики вклучуваат: развивање на јасни теории на промена; прибирање на податоци за состојбата пред почетокот на спроведување на програмата; почитување на специфичноста на контекстот; интегрирање како на квантитативните, така и на квалитативните компоненти во процесот на евалуација. [80]

## 5.2 Насоки и добри практики

Подолу е дадена листа на насоки и препораки што ги одразуваат тековните познавања за улогата што граѓанското општество може да ја има во спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, како и начините на кои владините актери можат да ја поддржат оваа улога. Оваа листа, која остава простор за проширување и надградување, е создадена врз основа на прегледот на релевантна литература и анализа на расположливи извори за најдобри практики, кои ги вклучуваат и оние кои се развиени од страна на ОБСЕ, Обединетите нации, Форумот за глобален контратероризам (ФГК),

79 Мерење: Евалуација на влијанието на програмите од областа на спречување на насилен екстремизам (Холмер, Бауман, Арјинеџад, USIP, август 2018 година)

80 Подобрување на ефектот од процесот на спречување на насилен екстремизам: Сет алатки за креирање, следење и евалуација (УНДП и Интернешанал алерт, март 2018 година)

Платформата *Global Solutions Exchange (GSX)* и Проектот за превенција. Други искористени извори се развиени од страна на Хедајах, Меѓународната мрежа за акција за граѓанско општество (ММАГО), Меѓународниот центар за контратероризам (МЦТ) и Кралскиот институт за безбедност на Велика Британија (RUSI). Библиографијата содржи опсежен список на консултирани извори при развојот на овој Прирачник.

1. За ефикасни иницијативи предводени од страна на граѓанското општество на полето на С/СНЕРВТ потребна е средина во која групите и актерите на граѓанското општество ќе можат несметано да ја вршат нивната работа и во согласност со основните човекови права (право на слобода на изразување, собирање и здружување). Тоа бара јавно и политичко признание на важните улоги што едно разнолико и широко граѓанско општество може да ги има во спречувањето на НЕРВТ.

2. Владините актери треба да ја олеснуваат вклученоста на граѓанското општество во целосниот спектар на програми и развој на политики од областа на С/СНЕРВТ. Преку воспоставување на партнерства и платформи за соработка, владите можат да го олеснат процесот на градење на доверба кај граѓанското општество и подобро да ја интегрираат нивната вклученост во напорите од областа на С/СНЕРВТ.

3. Може да се воспостави редовен ангажман со организациите за граѓанско општество преку договорени, флексибилни и одговорни мултиагенциски механизми за координација, како што се:
   а) советодавни одбори за граѓанско општество со цел подобро да се инкорпорираат податоците добиени од различни актери во стратегии и политики за С/СНЕРВТ, како и за донаторско планирање;
   б) центри за С/СНЕРВТ што подржуваат и јакнат меѓународни истражувања, размена на информации и споделувања на добри практики;
   в) периодични тркалезни маси и други платформи за дијалог и вежби за градење на доверба помеѓу владините актери и актерите на граѓанското општество, кои би вклучувале, кога тоа би било возможно и соодветно, и претставници на службите задолжени за спроведување на законот;
   г) институционални сојузи со други влади, како и со регионални и мултилатерални организации, во насока на олеснување на дијалогот и координирање на акции во областа на С/СНЕРВТ, како што е заедничко изработување и спроведување на акциски планови и други проекти за соработка.

### АЛБАНИЈА: Воспоставување на платформа за соработка помеѓу владата и граѓанското општество

Во декември 2017 година, Советот на министри на Албанија го основаше Центарот за координација за спротивставување на насилен екстремизам (ЦКСНЕ), надградувајќи ја постојната институционална рамка за спротивставување на насилен екстремизам (СНЕ) со тоа што позицијата на националниот координатор за СНЕ ја трансформира во подобро структурирана платформа. Мисијата на ЦКСНЕ е да ги развива капацитетите на различните актери кои се вклучуваат во С/СНЕРВТ и да ги промовира вредностите на толеранција и инклузија. Ова претставува владин механизам што ветува, кој е дизајниран со цел да се обезбеди координирана имплементација на Националната стратегија против насилниот екстремизам и соодветниот Акциски план, како и да се промовира соработка со актерите на граѓанското општество.

4. Владините актери на актерите на граѓанското општество и организациите, кои имаат кредибилитет, треба да им овозможат да можат да се ангажираат во превенција преку процена и отстранување на правните, политичките и логистичките препреки што го оневозможуваат нивното дејствување, особено преку:
   а) активно олеснување на нивната работа и обезбедување на нивната физичка безбедност (особено кога граѓанското општество работи во простори што се оспорени или населени од насилни екстремистички организации), обезбедување на заштита од вознемирување и заплашување, гарантирање на заштитата на податоци, обезбедување можност тие да организираат, слободно да патуваат и да учествуваат на меѓународни конференции/работилници (вклучувајќи поедноставување на постапките за добивање на визи) и обезбедување на независност во нивното работењето без, притоа, да им се мешаат;
   б) олеснување на финансиски препреки (на пример: меѓународно финансирање на активности од областа на контратероризмот и политики против перење на пари) што можат да влијаат врз пристапот на граѓанските општества до извори на надворешно финансирање и самофинансирање и така да им ја отежнуваат нивната самоодржливост.
   в) обезбедување на поддршка за градење на капацитети (вклучувајќи поддршка во преводи, објавување и /или дисеминација на наоди/практики); промовирање на платформи за размена и интеракција во релевантни дисциплини како што се развој, спречување на конфликти и градење на мир; и давање на соодветна обука во полето на С/СНЕРВТ за стејкхолдери кои имаат корисно искуство во релевантни области, но малку искуство на полето на превенција.

### Иницијатива на ОБСЕ „Лидери против нетолеранција и насилен екстремизам (LIVE)“: Градење на капацитети на граѓанското општество

LIVE претставува програма дизајнирана од ОБСЕ во насока на градење на капацитети на граѓанското општество за зајакнување на отпорноста на заедницата кон НЕРВТ. Развиени се три различни интензивни курсеви за обука на млади луѓе, жени и лидери на заедници во рамки на подрачјето на ОБСЕ. Учесниците се внимателно избрани врз основа на нивниот ангажман во заедницата и нивната посветеност кон мирот и толеранцијата, а со цел да ги усовршат своите стручни вештини во клучните области како што се медиумска писменост, критичко размислување, влијанието на политиката, стратешки комуникации, креирање и евалуација на проекти, како и во областа на свеста за безбедност. По добивање на информации низ практични примери, почетни средства и поддршка од страна на стручни ментори, учесниците развиваат оригинални, ефективни и релевантни проекти насочени кон решавање на прашањето за двигателите на НЕРВТ во нивните заедници.

**5.** Партнерствата помеѓу владините актери и граѓанското општество можат да се зајакнат и кодифицираат преку:

а) разјаснување и прецизно опишување на улогите и одговорностите меѓу владините и невладините фактори и тие на граѓанското општество, со сите конкретни очекувања и резултати за сите институции и актери што учествуваат;

б) обучување на државни службеници од прва линија за соработка со невладини актери кои имаат релевантни улоги во рамките на С/СНЕРВТ;

в) препознавање кои компоненти од програмите за С/СНЕРВТ е најдобро да се препуштат на актерите на граѓанското општество и препуштање на одговорностите за ваквите иницијативи на овие актери без владино мешање или манипулации.

**6.** Владините актери и афирмираните невладини актери треба да настојуваат да ги ангажираат малите актери, кои не се така познати во рамките на граѓанското општество на локално ниво, кои имаат докажана релевантна стручност, кредибилитет и ефикасност, односно да ги изградат нивните капацитети и да овозможат нивниот глас да се слушне подобро. Ова особено се однесува на оние кои работат на клучни географски локации и со население за кое е познато дека е подложно на екстремизам и радикализација. Треба да се препознае дека на потенцијално ефикасните, локални и ненасилни партнери на граѓанското општество може да им

недостига видливост и докажано искуство во спроведување на заеднички активности со владата, а иако, всушност, истите може да не се согласуваат со одредени аспекти од ставовите што официјалните власти ги имаат по однос на прашања од областа на безбедноста (или други прашања), сепак, тие сè уште можат да служат како продуктивни партнери. Владините фактори треба да се стремат да пронаоѓаат и ангажираат вакви актери/организации, а не такви кои само изгледаат како да се „пријателски расположени кон владата“.

7. Употребата на „секјуритизиран“ јазик и терминологија за С/СНЕРВТ може да биде проблематична за некои актери на граѓанското општество и да ја загрози нивната безбедност и кредибилитет во локалната средина. Поради тоа, владите би требало да посветат внимание на терминологијата што се користи со цел да избегне оддалечување на потенцијалните партнери.

8. Со развојот и одржувањето на независни локални и регионални мрежи меѓу граѓанското општество и други невладини стејкхолдери, кои се занимаваат со прашања од областа на С/СНЕРВТ, може да се обезбедат можности за раст и соработка. За да се охрабрат такви напори треба:
   а) да се развијат локални коалиции на актери на граѓанското општество чии активности се фокусираат на С/СНЕРВТ и организации за граѓанско општество кои работат непосредно заедно со заедници и семејства;
   б) да се вклучат актери на граѓанското општество кои се занимаваат со дисциплини како што се: трансформација на конфликт; градење на мир; добро владеење; развој; политичко учество; меѓуверски и интеркомунален дијалог; човекови права, вклучувајќи ги и правата на жените; активностите на младината и други области што се релевантни за С/СНЕРВТ;
   в) да се вклучат стручњаци од други сектори како што се секторите за ментално здравје, право и социјална работа, како и претставници од академската јавност кои имаат практична експертиза, а, исто така, и да се зајакне осмислена и одржлива размена со актерите на граѓанското општество и креаторите на политики.

## ЦРНА ГОРА: Градење на регионални мрежи на граѓанско општество

Платформата „Заедниците на прво место", предводена од страна на невладината организација (НВО) Форум МНЕ, од Црна Гора, претставува регионална западно-балканска платформа за граѓанско општество што се занимава со активности од областа на С/СНЕРВТ. Оваа тригодишна иницијатива, поддржана од Европската комисија, вклучува организации за граѓанско општество (ОГО) од сите земји од регионот и се фокусира на зајакнување на регионалната соработка помеѓу грасрут организациите за граѓанско општество и активистите во заедницата кои се ангажирани на полето на С/СНЕРВТ. Целта на платформата „Заедниците на прво место" е да ги поттикне актерите на граѓанското општество, вклучувајќи ги младите, жените и верските организации, со цел тие да го зголемат сопствениот капацитет, да ја подобрат нивната ефикасност и одговорност, како и поефикасно да влијаат врз релевантните политики од областа на С/СНЕРВТ. Активностите вклучуваат: Мапирање на програми од областа на С/СНЕРВТ што се предводени од организации за граѓанско општество во регионот; развивање на интерактивен веб-сајт за споделување на добри практики; одржување на работилници за градење на капацитети и менторски програми; и креирање и спроведување на програми за мали грантови.

9. Да се пристапува кон оние иницијативи, кои се на ниво на заедница, како на долгорочни, одржливи и приспособливи стратегии, а не како на еднократни проекти. Релевантните креатори и донатори можат да обезбедат ефикасно користење на финансиските средства преку:
   а) дозволување на флексибилни временски рамки на финансирање во кои ќе се води сметка за времето потребно за бавните процеси, како што е градењето на видливост и доверба, спроведувањето на истражувања и процени, како и вршењето на активности од областа на мониторингот и евалуацијата, како и да се биде толерантен при неуспесите во постигнувањето на позитивен резултат во краток период;
   б) обезбедување на дополнителни финансиски средства на среден и долг рок, а во насока на одржување и проширување на проекти со докажан успех;
   в) обезбедување на финансирање за основни активности, покрај финансирањето што се прави врз основа на проекти, со цел зајакнување на граѓанското општество за истото да може да си ги одредува сопствените приоритети, да се фокусира на основните

мисии и структурално да расте во насока на обезбедување долгорочна одржливост;

г) осигурување дека програмите од областа на С/СНЕРВТ се засноваат на независни истражувања и анализи, а не на интуитивни заклучоци за тоа што би „требало“ да функционира;

д) вклучување на претставници на локалните донатори во сите фази на креирање на програми од областа на С/СНЕРВТ со цел да се обезбеди комуникација помеѓу донаторите и оние кои ги спроведуваат програмите;

ѓ) балансирање помеѓу потребното владино прифаќање на иницијативи од областа на С/СНЕРВТ, а кои се финансирани од страна на донатори, како и давање поддршка и приоритет на соговорниците кои имаат најголем кредибилитет и влијание во маргинализираните заедници.

**10.** Да се нагласи градење на локални капацитети за квантитативно и квалитативно истражување на регионалните и демографски трендови поврзани со активности на насилен екстремизам. Поврзете го граѓанското општество со академски истражувачи и други релевантни партнери кога тоа е од корист и кога со истото се охрабрува развојот на платформи и мрежи во насока на олеснување на дисеминацијата на наодите од истражувањата.

### СРБИЈА: Поддршка на локалните истражувања

Мисијата на ОБСЕ во Србија го поддржува независното и академско истражување на теми поврзани со НЕРВТ во Србија, со цел давање на свој придонес во делот што се однесува на стручната литература, давање поддршка во креирањето на програми и политики што се засноваат на докази, односно поддршка за зголемување на бројот на истражувачи кои се занимаваат со оваа тема. Беше објавен јавен повик за поднесување на предлози за да се привлече поширок спектар на истражувачки идеи, а квалитетот на поднесени предлози покажа дека истражувачите, особено тие од Србија кои се добро запознаени со приликите во земјата, имаат одлично нијансирано и софистицирано разбирање за природата на екстремизмот во земјата. Беа поддржани девет истражувачки инцијативи, а преку структуриран процес на рецензија се овозможи секој автор да добие детални повратни информации.

**11.** При ангажирањето на актерите и организациите за граѓанско општество, креаторите на политики мора да ја препознаат виталната улога на младите луѓе како носители на позитивни промени. Тие треба да се стремат да го нагласат и насочат нивното вклучување во носењето на одлуки што се релевантни за С/СНЕРВТ, и тоа на сите нивоа кога такво нешто е возможно, а ова особено важи за младите од маргинализираните заедници. Во партнерство со актерите и организациите за граѓанско општество, креаторите на политики треба да создадат капацитети за иницијативи насочени кон младите како и да ги зајакнат таквите напори. Посебно треба да се поддржат програми со кои се промовира зајакнувањето и вештините поврзани со лидерство, комуникација и претприемништво. Во соработка со корпоративниот сектор, ако е возможно, обезбедете мали грантови за иницијативите во заедниците каде активностите од областа на С/СНЕРВТ ги водат млади лица, но особено за оние иницијативи кои се однесуваат на маргинализирани групи и заедници.

**12.** Спроведувајте проекти и иницијативи што се насочени кон младите. Сторете го тоа преку ОГО, а кога е потребно и преку партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор, кои би имале за цел:

а) да им обезбедат на младите безбедни и неконтролирани простори во кои тие проактивно ќе се занимаваат со проблеми, ќе разговараат и ќе водат дебати по прашања за насилниот екстремизам и други општествени и политички прашања, па дури и доколку тие се од контроверзна природа;

б) да охрабрат граѓански и демократски ангажман на младите во насока на создавање на позитивни канали за решавање на незадоволствата , како и да се воспостават младински совети и слични механизми со кои може да се осигура дека нивниот глас се слуша на сите нивоа;

в) да обезбедат структурална поддршка на младите, особено на оние кои се соочуваат со дискриминација во маргинализирани заедници, на пример, во врска со можностите за вработување и советување за вработување; пристапот до здравствени и социјални услуги и психосоцијална поддршка и психосоцијално советување;

г) да промовираат вклученост во спортски активности, уметност и други рекреативни алтернативи со кои се поттикнува чувство на заедница и социјална инклузија;

д) да ја јакнат довербата на ниво на заедница помеѓу носителите на одлуки и младите жени и мажи, особено оние кои доаѓаат од послабо застапените групи, преку меѓугенерациски дијалог и активности и обука за градење на доверба, како во рамките на наставните програми, така и во рамките на воннаставните програми. Едукаторите, како и верските лидери и лидерите на заедницата, можат да имаат инструментална улога во насока на олеснување на ваквите иницијативи.

### Босна и Херцеговина: Поддршка на програми за млади и уметност

Во 2018 година, Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина беше на чело на иницијативите и натпреварите за млади во кои се користеше драмската уметност како делотворно комуникациско средство за сензибилизирање на публиката за проблемот со насилниот тероризам. Приближно околу 30 универзитетски студенти беа избрани да учествуваат во две работилници што се одржаа во Сараево и Бања Лука. Под водство на професор за драмска уметност, во текот на работилниците и по нив, студентите пишуваа сценарија и креираа претстави во кои ги имаа истражено различните процеси на радикализација кон насилен екстремизам. Креативниот процес на учениците, исто така, е заснован и на истражување на тема поврзана со кривични дела сторени од омраза и инциденти поттикнати од предрасуди, како и врз основа на психолошките аспекти на радикализацијата кон насилен екстремизам, итн. Четири тимови на студенти и ученици од универзитетите во Сараево и Бања Лука и од Сараевската школа за наука и технологија победија на натпреварот, а своите победнички претстави ги изведоа пред публиката во рамките на настанот што Мисијата на ОБСЕ го одржа во Босна и Херцеговина на почетокот на 2018 година.

**13.** Да се вклучат образовните власти на сите нивоа во дијалогот од областа на С/СНЕРВТ, како и да се зајакнат нивните капацитети да можат да планираат и спроведуваат соодветни програми во соработка со факторите на граѓанското општество. Иницијативите можат да опфатат:

а) реформа на училишниот наставен план кој би ги одразувал најдобрите практики на интеграција на нови заедници на малцинства/мигранти, а во насока на намалување на перцепциите на маргинализација и дискриминација;

б) зајакнување на младината со цел таа да се оспособи да покренува (и дисеминира веќе постојни) позитивни алтернативи и контранаративни иницијативи, а во насока да се помогне за промена, дискредитирање и напуштање на идеите за насилен екстремизам;

в) спроведување на програми за едукација од областа на безбедноста на интернетот и медиумската писменост со цел студентите да се научат како да препознаваат и отфрлаат насилни екстремистички наративи, а, од друга страна, како да промовираат наративи што се засноваат на човековите права, толеранција и демократски вредности.

**14.** Креаторите на политики, исто така, треба да ја препознаат улогата на жените и девојките како клучни општествени фактори и позитивни носители на промени во процесот на создавање на програми од областа на С/СНЕРВТ, како и да ја нагласат инклузијата на жените во сите фази и нивоа во поглед на процесот на носење одлуки за С/СНЕРВТ. Во партнерство со организациите за граѓанско општество, креаторите на политики треба:

а) да ги изградат капацитетите и да го поддржат локалното сопственииштво на организациите за граѓанско општество кои се управувани од страна на жени, како што се организациите кои работат на полето на женските човекови права, а сето тоа во насока на нивно вклучување во превентивни напори и одговори против насилниот екстремизам и на начин на кој самите напори и одговори би биле приспособени во зависност од околностите. Да утврдат дека таквите групи имаат пристап до ресурси и физичка безбедност, како и дека нивните гласови се слушаат во круговите каде се којат политиките и тоа на сите нивоа;

б) да утврдат дека со политиките и програмите за С/СНЕРВТ се земаат предвид и се адресираат прашањата за родовите динамики поврзани со НЕРВТ, како и тоа дека истите се насочени кон спречување и справување со директните и индиректните последици од насилниот екстремизам и тероризам врз жените и девојките. Жените и девојките имаат единствени улоги во насилниот екстремизам и притоа креаторите на политики треба да инвестираат во истражувања на локално ниво со цел подобро да ги разберат релевантните динамики на заедниците;

в) да ги поддржат обуките за жени, особено во рамките на општествено прифатливи и безбедни простори што на учесниците им овозможуваат да ги зајакнат своите способности во насока на препознавање и одговарање на НЕРВТ преку своите единствени и моќни позиции на мајки, сопруги и важни лица во заедницата. Жените можеби имаат капацитет за рано предупредување, но, сепак, ним им недостасуваат потребните алатки или поддршка за да можат да се спротивстават на него;

г) да се вклучат мажи и момчиња во активностите за родов меинстриминг. Како извори на влијание во заедниците и семејствата, мажите можат да помогнат во оформување на културните наративи, поимите за машкост, контранаративи против идеологиите што поддржуваат насилен екстремизам, а истите претставуваат и витални партнери во програмите што се засноваат на семејството;

д) да утврдат дека контра/алтернативните наративни програми се направени на родово-еднаква основа, особено на начин на кој во создавањето и покренувањето на иницијативи за испраќање на соодветни пораки ќе се погрижат да бидат вклучени и жените и организациите за граѓанско општество кои се борат за интересите на жените, при што особено ќе се истакне улогата на жената како општествен фактор во борбата против насилниот екстремизам.

### Република Северна Македонија: Спроведување на програми ориентирани кон жените

Моделот „Мајка – училишта“ (MotherSchools) го имаат креирано и унапредено невладините организации (НВО) Жени без граници како иновативен и конструктивен пристап за градење на капацитети кај мајките со цел тие да можат да ги разберат, препознаат и ублажат раните знаци на подложност на радикализација кај нивните деца. Моделот е успешно спроведен во повеќе од десет земји во текот на изминатата деценија, а во 2017 година истиот е спроведен во Скопје заедно со локални партнери. Со програмата не само што се подобрува самодовербата кај учесниците и нивните родителски вештини, туку и се дава поддршка и се создава безбедна средина за жените да можат отворено да дискутираат и да адресираат чувствителни прашања.

**15.** Влијателните и проминентни лидери на заедници и верски заедници одлично ги познаваат нивните заедници и имаат интимен пристап до нив. Креаторите на политики, во соработка со други актери на граѓанското општество и граѓански организации, треба да се стремат да ги ангажираат таквите влијателни лица како витални партнери во насока на спречување на насилниот екстремизам. Тие треба :

а) да создаваат свест кај верските лидери и лидерите на заедниците (особено женските духовни советници кои можат да имаат посебен пристап до други жени од ранливите заедници) за С/СНЕРВТ и да ги охрабруваат да даваат насоки на заедниците и семејствата со цел зајакнување на отпорноста против НЕРВТ;

б) да ги зајакнуваат капацитетите на верските лидери и лидерите на заедниците за да можат тие да обезбедуваат платформи (како што се размени за млади теолози) за верски и меѓуверски дијалог со кои ќе се промовира толеранција и интеркомунално разбирање, како и за да можат да ги решаваат постојните разлики. Промовираат дијалог и соработка кај локалните меѓуверски мрежи, дискутираат за прашања поврзани со С/СНЕРВТ и промовираат инклузија на сите вери;

в) да ги охрабруваат релевантните верски лидери и лидерите на заедниците, таму каде што тоа е возможно, да промовираат градење на доверба и соработка помеѓу семејствата и локалните власти. Оваа соработка треба да се воспостави на основа на безбедност на заедницата за да се избегне „инструментализација“ на односите со лидерите на заедницата, а како последица од ова и нивно потенцијално отуѓување од заедниците;

г) да ги искористат релевантните владини партнери и партнерите од граѓанското општество за да понудат на верските лидери обуки за решавање на конфликти и комуникациски стратегии во насока на

спротивставување на омразата на говор и насилните екстремистички идеологии и справување со несогласувањата на ниво на заедница и на индивидуално ниво;

д) да ги охрабруваат верските лидери да пренесуваат ненасилни наративи во насока на дискредитирање на екстремистичките идеологии, особено во соработка со граѓанското општество преку нивна вклученост во медиумски кампањи за С/СНЕРВТ;

ѓ). да ги вклучуваат верските лидери и другите релевантни лидери на заедницата во иницијативи насочени кон градење на доверба помеѓу владата и заедницата, како што се периодични тркалезни маси за зајакнување на соработката, размена на информации и развивање на капацитети.

### КОСОВО[81]: Вклучување на верските лидери и младите во меѓуверски дијалог

Во ноември 2017 година, Мисијата на ОБСЕ во Косово организираше екскурзија за 50 албански средношколци од Општина Качаник при што беа посетени значајни верски локалитети во градот Призрен, град со богата историја,. Како дом на некои од најдобро сочуваните културни споменици што припаѓаат на различни цивилизации и религии, Призрен претставува метафора за религиска разноликост и хармонија. Заедно со група од 25 млади лица од различни етнички заедници од Призрен, младите од Качаник се придружија на дискусија со претставници на Исламската заедница, Српската православна црква, Католичката црква, Халвети Суфи, Еврејската заедница, Протестантската црква, како и со заменик-министерот за култура, млади и спорт и шефот на Мисијата на ОБСЕ во Косово. Поголемиот број на учесници во оваа програма од Качаник никогаш претходно не посетиле верски објекти што припаѓаат на други религии, ниту, пак, разговарале со верски лидери на други религии. Овој разговор им пружи драгоцена можност за да дознаат повеќе за своите соседи и луѓето во нивните заедници, како и да се стекнат со пошироки познавања за културното и верско наследство на земјата. Други проекти што претходно се спроведени во насока на промовирање на меѓуверскиот дијалог и почитување на разноликоста, а кои, исто така, ја претставуваат и клучната област на работа на ОБСЕ на Балканот, вклучуваат и студиски посети на историски и верски објекти, меѓуверски камп за млади и организација на турнир во кошарка за јуниори.

81 Сите упатувања кон Косово, без разлика дали на територијата, институциите или населението, во овој текст треба да се разберат во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации.

**16.** Приватниот сектор - вклучувајќи ги корпоративните и приватните донатори, како и големите и малите бизниси, исто така, можат да послужат како конструктивни учесници во креирањето на програми од областа на С/СНЕРВТ. За да се искористат нивните компаративни предности, креаторите на политики треба :

а) да ги охрабрат корпоративните/приватни инвестиции во активностите на граѓанското општество од областа на С/СНЕРВТ кои се предводени од заедницата, а, исто така, и соработката со овие актери, по потреба. Во насока на поддржување на иницијативи од областа на С/СНЕРВТ, може ефикасно и брзо да се мобилизираат проекти за корпоративна и општествена одговорност, стручност од областа на брендирањето и маркетингот, како и приватни филантропски активности, а кои иницијативи инаку би наишле на бирократски препреки во случај на потреба за нивно финансирање од државни органи.

б) да усвојат пристап на вклучување на „целокупно општество" на повеќе стејкхолдери во испраќањето на онлајн или офлајн контрапораки, со тоа што особено ќе се користи секторот за информатичко-комуникациски технологии во соработка со други релевантни актери на граѓанското општество и врз основа на информациите што самите актери ги обезбедуваат.

**17.** Медиумите можат да бидат повикани и охрабрени да промовираат цели за С/СНЕРВТ со тоа што ќе го пренесуваат гласот на заедницата и одговорно ќе известуваат за настани поврзани со тероризам. За да се искористат нивните можности, креаторите на политики треба:

а) да ги охрабрат и поддржат професионалните медиуми и платформи на социјални медиуми во насока тие да одржуваат одговорна и конструктивна улога на полето на С/СНЕРВТ, во консултации со заедниците (нивни најефективни и влијателни гласници ) и владините/невладини актери;

б) да ги поттикнат претставниците на медиумите да шират позитивни пораки што потекнуваат од заедницата преку телевизија, радио и интернет, како и да дадат поддршка во насока на зголемување на видливоста на локалните иницијативи од областа на С/СНЕРВТ;

в) да се ангажираат со медиумите и да обезбедат обука за медиуми што е неопходно за охрабрување на објективно известување за настани поврзани со насилен екстремизам; да промовираат толеранција и почит за сите култури; и да утврдат видливо известување за примери на позитивна соработка со иницијативи на млади кои потекнуваат од заедницата.

## Кампања на ОБСЕ #Обединети во спречување на насилен екстремизам (#United CVE): Употреба на социјалните медиуми за промовирање на алтернативи на НЕРВТ

ОБСЕ ја отпочна стратешката комуникациска кампања #UnitedCVE во 2015 година, со цел да потпомогне во развојот на една онлајн заедница составена од млади луѓе, практичари, креатори на политики и истражувачи кои би се спротивставиле на насилниот тероризам, а, исто така, и поради засилувањето на напорите на полето на превенцијата и зголемувањето на свеста. Како дел од кампањата прикажани се повеќе од 40 кратки видеа од локални практики од областа на С/СНЕРВТ на подрачјето на ОБСЕ, притоа, ставајќи го акцентот особено на иницијативи и проекти што ги водат млади луѓе. Кампањата има постигнато посетеност од повеќе од 44 милиони луѓе преку главните платформи на социјални медиуми, вклучувајќи ги Твитер, Инстаграм и Фејсбук.





# 6. Заклучок







Разбирањето на непроценливата улога на граѓанското општество во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ претставува прв важен чекор кон развивање на холистички и сеопфатни стратегии за справување со заканите по безбедноста што произлегуваат од насилниот екстремизам. Овој Прирачник е направен за да се помогне во унапредувањето на овие идеи и да се обезбедат конкретни предлози и примери за тоа како да се воспостават продуктивни работни односи помеѓу владините актери и актерите на граѓанското општество, а, исто така, и за тоа како да се развијат влијателни програми за С/СНЕРВТ во заедниците. Од огромна важност на граѓанското општество е да се даде правен простор, политичка поддршка, финансиски ресурси и практични насоки за да може да успее тоа во неговата работа како и неговата улога да биде видена како неопходна за промоција на мирот и безбедноста. Програмите за С/СНЕРВТ претставуваат долгорочни и сложени стремежи; нивниот успех во голема мера зависи од континуираното промовирање на добри практики и размена на знаења и ресурси во различните опкружувања. Овој Прирачник има за цел да даде придонес на оваа тема и да ја нагласи заложбата на ОБСЕ за давање поддршка на улогата што граѓанското општество може да ја има (и ја има) во создавањето на побезбедни и поотпорни заедници.



# Список на одбрани публикации на ОБСЕ

Документ на Претседателството: Препораки од Конференцијата за контратероризам на ниво на ОБСЕ од 2017 година „Спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам“ (мај 2017 година)

Спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ)

Идеи, препораки и добри практики од регионот на ОБСЕ (Петер Нуман, ОБСЕ, 2017 година)

Декларација на Советот на министри за Зајакнување на напорите на ОБСЕ за спречување и спротивставување на тероризмот (MC.DOC/1/16)

Декларација на Советот на министри за Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (MC.DOC/4/15)

Декларација на Советот на министри за Зајакнување на контратерористичките активности на ОБСЕ во пресрет на неодамнешните терористички напади (MC.DOC/3/15)

Декларација на Советот на министри за Улогата на ОБСЕ во областа на спротивставувањето на феноменот на странски терористички борци во контекст на имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 2170 (2014 година) и 2178 (2014 година) (MC.DOC/5/14)

Декларација на Советот на министри за Зајакнување на координацијата и кохерентноста во напорите на ОБСЕ за справување со транснационални закани (ОБСЕ, MC.DEC/9/11)

Консолидирани информации за контратерористичките напори на ОБСЕ

Преглед на активностите на ОБСЕ од областа на контратероризмот – поврзани заложби

Информативен лист на Единицата за акција против тероризам на ОБСЕ

Берлинска декларација на Парламентарното собрание на ОБСЕ: Резолуција за спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (2018 година)

Резолуција на Парламентарното собрание на ОБСЕ за Зајакнување на улогата на граѓанското општество на подрачјето на ОБСЕ (Истанбулска декларација 2013 година)

Спречување на тероризам и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Заеднички пристап помеѓу заедницата и полицијата (ОБСЕ и ОДИХР, 2014 година)

Денови на безбедност: Градење на мостови – промовирање на дијалог во насока на спречување на радикализација и насилен екстремизам (ОБСЕ, 2015 година)

Улогата на граѓанското општество во спречувањето на тероризам (ОДИХР, 2007 година)

„Младите и спречување насилен екстремизам“, Работилници во Западен Балкан, подрачјето на Црно Море, Југоисточна Европа, Северна Африка и Централна Азија – Препораки за креаторите на политики (ОБСЕ, 2017 година)

Вклучување на младите во спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Извештај за заклучоците и препораките (Секретаријат на ОБСЕ и ОДИХР, 2012 година)

Завршен извештај за поврзаноста на жените со терористичката радикализација (Секретаријат на ОБСЕ и експертски тркалезни маси, ОДИХР, 2011 година)

Препораки од работилницата за поддржување на иницијативите на граѓанското општество во насока на зајакнување на улогата на жената во спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (ОБСЕ и GCTF, 2015 година)

# Библиографија

Ботел, А., START, Од Втората светска војна до ИСИС, користење на срамот и машкоста во регрутирачки наративи (2016 година)

Центар за стратегиски и меѓународни истражувања, концепт и дефиниција за одржливост на граѓанското општество (2017 година) за развој на стратегии (2000)

Центар за граѓанско општество, Лондонска школа за економија и политички науки, Извештај за активности (јули 2005 година – август 2006 година)

Центар за стратегиски и меѓународни истражувања (ЦСМС), Точка на пресврт: Нова севкупна стратегија за спротивставување на насилен екстремизам (ноември, 2016 година)

Центар за соработка против глобален тероризам, Посилен од мечот? Улогата на медиумите во справување со насилство и тероризам во Јужна Азија (2013 година)

Котрајт и др., Пријател, а не непријател: Отворање на простори за вклучување на граѓанското општество на полето на спречување на насилен екстремизам (2011 година)

Претседателство на Советот на Европа, Ревидирана стратегија на ЕУ за борба против радикализација што води кон тероризам, како и борба против регрутација на терористи (2014 година)

Совет на Европската Унија, Заклучоци на Советот за надворешна акција на ЕУ за спротивставување на тероризмот, Генерален секретаријат на Советот (19 јуни 2017 година)

Ејсенман Д.П., Флавахан Л., Канаринци во рудникот за јаглен: Интерперсонално насилство, насилство на банди и насилен екстремизам преку лупа за превенција на јавното здравје (2017 година)

EPRD Policy & Development, Студија за мапирање на организации за граѓанско општество во Босна и Херцеговина (2016 година)

Глобален центар за кооперативна безбедност, Осврнување на локално ниво: Поддржување на иницијативи на заедници за спречување и спротивставување на насилен екстремизам во Јужна и Централна Азија (2017 година)

Форум за глобален контратероризам, Меморандум од Анкара за добри практики за мултисекторски пристап кон спротивставувањето на насилниот екстремизам (2013 година)

Форум за глобален контратероризам, Добри практики за ангажирање на заедницата и работење на полицијата заедно со заедницата како алатки за спротивставување на насилен екстремизам (2013 година)

Форум за глобален контратероризам, Добри практики за жените и спротивставувањето на насилен екстремизам (2015 година)

Форум за глобален контратероризам, Меморандум од Маракеш за Добри практики за поефикасен одговор на феноменот – странски терористички борци (2014 година)

Форум за глобален контратероризам, Меморандум од Рим за Добри практики за рехабилитација и реинтеграција на насилни екстремистички престапници (2012 година)

Форум за глобален контратероризам, Улогата на семејствата во спречување и спротивставување на насилен екстремизам: Стратешки препораки и опции за програми (2016 година)

Форум за глобален контратероризам, Препораки од Цирих-Лондон за Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и тероризам преку интернет (2017 година)

Global Solutions Exchange, 10 причини зошто граѓанското општество е сојузник, а не непријател во борбата против насилниот екстремизам (2017 година)

Global Solutions Exchange, Подобрување на практиката за спречување на насилен екстремизам (СНЕ): 10 чекори до изработување и имплементирање на сеопфатни национални акциски планови за спречување на насилен екстремизам (2018 година)

Global Solutions Exchange, Иновации во граѓанското општество и други напори што се локално предводени со цел спречување на насилен екстремизам (2017 година)

Global Solutions Exchange, Препораки за донаторски ангажман со граѓанското општество за спречување на насилен екстремизам (2017 година)

Global Solutions Exchange, Подобрување на практиката за спречување на насилен екстремизам (СНЕ): 10 чекори до зајакнување на напорите за рехабилитација и повторна интеграција на терористичките престапници, враќање на терористичките борци и жртви на насилен екстремизам (2017 година)

Hedayah и Глобалниот центар за заедничка безбедност, Свет на мажот? Истражување за улогите на жените во спротивставувањето на тероризмот и насилниот екстремизам (2016 година)

Hedayah Center, Насоки и добри практики: Развивање на национални стратегии и акциски планови за спречување и спротивставување на насилен екстремизам (2016 година)

Холмер, Г. Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), Спротивставување на насилен екстремизам

Перспектива за градење мир (2013 година)

Холмер, Г.и Штуни, А., Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), Императив за враќање на странските борци и нивна интеграција (2017 година)

Идрис, Л. и Абделазиз, А., GSDRC, Жените и спротивставување на насилен екстремизам (2017 година)

Меѓународна мрежа за акција за граѓанско општество (ММАГО), Спречување на насилен екстремизам, заштита на правата и заеднички пристап на полицијата со заедницата: Зошто се важни партнерствата помеѓу граѓанското општество и секторот за безбедност (2017 година)

Меѓународен кривичен суд, Вклучување на граѓанското општество во процесот на спречување на насилен екстремизам: Искуства од глобалната стратегија за контратероризам на Организацијата на Обединетите нации (Хаг, 2012 година)

Фондација за граѓанско општество на Косово, „Мониторинг на матрицата за овозможување на околина за развој на граѓанското општество“ (2016 година)

Мандавил, П. и Нозел,М., Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), „Вклучување на религијата и верските актери во спротивставувањето на насилниот екстремизам“ (2017 година)

Група за подготвеност за национална безбедност, Bipartisan Policy Center, Спречување на насилна радикализација во Америка (2011 година)

Нови перспективи за Југоисточна Европа, Граѓанско општество и транзиции на Западен Балкан (2013 година)

Опсерваторија за спречување на екстремистичко насилство, Декларација од Барселона: План за акција на евромедитеранското граѓанско општество во насока на спречување на сите форми на насилен екстремизам (2017 година)

Канцеларија на специјалниот советник за родови прашања и унапредување на жените, ОН Жени, Родов меинстриминг: Стратегија за промовирање на родова еднаквост (2001 година)

ОБСЕ и Проектот за превенција, Ден на граѓанското општество – Конференција на ОБСЕ за спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (2017 година)

Угард, М. и Хигот, Р., и други, Истражувања во глобализацијата - Routledge , Кон глобална држава: Идни трендови и перспективи (2002 година)

RAN (Мрежа за подигање на свеста за радикализацијата)- Комуникации и наративи (C&N) и RAN – Дерадикализација и десоцијализација (EXIT), Што да се прави, а што да не се прави при вклучување на поранешни припадници во активности од областа на спречување и спротивставување на насилен екстремизам (2017 година)

RUSI и Проектот за превенција, Работилница за практичари - спротивставување на насилен екстремизам: Можности и предизвици за граѓанското општество во спротивставувањето на насилниот екстремизам (2016 година)

Шанзер, Д., Курзман, Ц., Толивер, Џ. и Милер, Е., Национална референтна служба за кривична правда (NCJRS), Предизвикот и очекувањата од примената на заеднички стратегии помеѓу заедницата и полицијата за спречување на насилниот екстремизам: Повик за партнерства помеѓу заедницата и службите за спроведување на законот со цел зајакнување на јавната безбедност, Завршен извештај (2016 година)

Шолте, Џ.А., Глобално граѓанско општество: Промена на светот? (1999 година)

Штуни, А., Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), Динамики на радикализација и насилен екстремизам во Косово (2016 година)

Германски маршалов фонд на Соединетите Американски Држави, Поддржување на граѓанското општество во Источна Европа и Западен Балкан (2018 година)

Проектот за превенција, Заедниците прво: План за организирање и одржување на глобално движење против насилен екстремизам (2016 година)

Проектот за превенција, Обезбедување на севкупен пристап кон развој и имплементација на национални акциски планови на полето на спречување на насилен екстремизам:

Улога на граѓанското општество (2017 година)

Програма за развој на Организацијата на Обединетите нации (УНДП) и International Alert, Подобрување на ефектот од процесот на спречување на насилен екстремизам:

Програмирање: Сет алатки за креирање, следење и евалуација (март, 2018 година)

Програма за развој на Организацијата на Обединетите нации (УНДП), Анализа на јавниот пулс, перцепции за граѓанското општество во Косово (2016 година)

Организација за образование, наука и култура на Организацијата на Обединетите нации (УНЕСКО), Спречување на насилен екстремизам преку образование: Водич за креаторите на политики (2017 година)

Седумдесетта седница на Генералното собрание на Обединетите нации: Акциски план за спречување на насилен екстремизам: извештај на генералниот секретар (А/А/70/674)

Организација на Обединетите нации, Резолуција на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации 1325 (2000) (2000, S/RES/1325)

Организација на Обединетите нации, Резолуција на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации 2242 (2015) (2015, S/RES/2242)

Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД), План за итна помош во борбата против СИДА на претседателот на Соединетите Американски Држави (PEPFAR) и YouthPower,

Практики што ветуваат, вклучување на младите за мирот и безбедноста и во спречување на насилниот екстремизам (2017 година)

Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД), Индекс на одржливост на организации на граѓанско општество во Централна и Источна Европа и Евроазија за 2016 година (2017 година)

Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД), Заедничка стратегија за спротивставување на насилен екстремизам (2016 година)

Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), Мерење: Евалуација на влијанието на програмите од областа на спречувањето на насилен екстремизам (август, 2018 година)

Институт за мир на Соединетите Американски Држави (USIP), Правење на сеопфатна анализа пред дејствување: Аналитички алатки за разбирање и креирање на програми за спречување и спротивставување на насилен екстремизам (август 2018 година)

Светски економски форум, Дигитални пожари во хиперконектиран свет (2013 година)



**Организација за безбедност**
**и соработка  во Европа**

Wallnerstrasse 6
A-1010 Vienna, Austria
Tel.: +43 1 514 360

pm@osce.org
www.osce.org

**Follow OSCE**

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа